УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА БЕРЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА

# „УЛОГАТА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ:СЛУЧАЈ АВГАНИСТАН“

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

Кандидат:
Јанакиев Васе

Ментор:
Проф. д-р Марина Митревска

Скопје, 2014

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД....4
1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ....7
1.1. Дефинирање на проблемот на истражување....9
1.2. Релевантни досегашни истражувања....11
1.3. Предмет на истражувањето....12
1.4. Цел и задачи на истражувањето....13
1.4.1. Хипотези на истражувањето....14
1.4.2. Варијабли на истражувањето....15
1.5. Методологија на истражувањето....15
1.5.1. Испитаници....16
1.5.2. Мерни инструменти....16
1.5.3. Статичка обработка на податоците....17
2. ОПШТО ЗА КОНФЛИКТИТЕ....18
2.1. Видови на конфликти....20
2.2. Карактеристики на вооружените конфликти....22
2.3. Вооружените конфликти во светот....26
2.3.1. Анализа на конфликтите....27
2.3.2. Зголемување на вооружените конфликти....28
2.4. Употреба на вооружените сили на Обединетите Нации во вооружените конфликти....30
3. ОПШТО ЗА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ....33
3.1. Постигнување на доверба....36
3.2. Сличност со цивилните активности....37
3.3. Мировните операции на Обединетите Нации....38
3.3.1. Поим, класификации и основни карактеристики на мировните операции на Обединетите Нации....41
3.3.2. Значењето на мировните операции....48
3.3.3. Воспоставување на мировните операции....50
3.3.4. Задачи на мировните операции....52
3.3.5. Организациско функционирање на Обединетите Нации при донесување на одлука за воспоставување на мировните операции....55

3.4. Мировните операции во 21 век ....................................................56
4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ....................................60
4.1. Проблеми при реализирањето на мировните операции ...............65
4.1.1. Обезбедување на потребен персонал за мировни операции .65
4.1.2. Обезбедување на потребните финансиски средства за мировните операции ....................................................................66
4.1.3. Нерамнотежа во доприносот на земјите членки на Обединетите Нации во мировните операции ....................................67
4.1.4. Обезбедување на соодветна обука и опрема.........................68
4.1.5. Недостаток на согласност од водечките држави за мировните операции ..........................................................................................68
5. МИСИЈА „ИСАФ“....................................................................................69
5.1. Безбедносната ситуација во Исламската Република Авганистан.....69
5.2. Воспоставување на мисијата „ИСАФ“................................................71
5.3. Фази на операцијата „ИСАФ“................................................................73
5.3.1. Провинциски – Реконструкциски тим.......................................74
6. УЧЕСТВО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ.............................................................................76
6.1. Учество на Армијата на Република Македонија во мисијата „ИСАФ“ во Исламската Република Авганистан ......................................78
6.2. Процедура за испраќање на припадниците на Армијата на Република Македонија во мировната операција „ИСАФ“........................81
6.3. Придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции ..................................................................................................83
6.4. Придобивките од учеството во мировните операции ...................86
6.5. Подготовка на припадниците на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција............................................87
6.6. Проблеми во текот на подготовките и реализирањето на мировните операции.....................................................................................89
6.6.1. Избор на персонал.......................................................................90
6.6.2. Пополна со неадекватна комуникациска и борбена опрема.90
6.6.3. Непознавање на странски јазици..................................................91
6.6.4 Недостаток на искуство во работата во мировните операции ..................................................................................................................92

**6.6.5. Ризици во мисијата „ИСАФ“** ........ 92

**6.6.6. Влијанието на мисијата „ИСАФ“ на трансформацијата во Армијата на Република Македонија** ........ 94

**7. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** ........ 96

**7.1. Примерок на истражувањето** ........ 96

**7.2. Резултати од тестирањето на хипотезите** ........ 101

**7.3. Заклучоци од тестирањето на главната и помошните хипотези** ........ 133

**8. ЗАКЛУЧОК** ........ 139

**9. ЛИТЕРАТУРА** ........ 141

**10. ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ** ........ 144

**ПРИЛОЗИ** ........ 145

# ВОВЕД

Ширењето на оружјето за масовно уништување, тероризмот, незаконската трговија со лесно вооружување и нуклеарен материјал, сајбер нападите и опасностите од снабдевањето со енергија претставуваат сегашни и идни предизвици за дестабилизација на националната безбедност. Покрај овие опасности, регионалните и глобалните конфликти влијаат на опстанокот на националната безбедност.

Одржувањето на мирот, најчесто е поврзуван со меѓународните организации. Како главна и водечка организација која се грижи за одржувањето на светскиот мир, во новите односи на водечките држави на глобално ниво е ООН.[1] На глобално ниво и низ историјата на човештвото, загрозувањето на човекот и неговите вредности, стануваат постојана активност на одделни држави и непријателски групи во понестабилните региони во светот.

Но паралелно со зголемувањето на ризиците и заканите се преземаат мерки и активности за заштита на човекот и неговите темелни вредности. Во современите меѓународни односи, зголеменото ниво на внатрешните конфликти во нестабилните региони, меѓудржавните судири и активностите на моќните терористички организации, претставуваат загрижувачки фактор врз меѓународниот мир и безбедност. Во такви дестабилизирачки околности, потребно е преземање на поширок спектар на операции во борбата против актерите кои ја нарушуваат глобалната миролубива политика и активностите поврзани околу зачувувањето и одржувањето на мирот во светот. Во воената енциклопедија се користи терминот "мировни операции". Нив најчесто ги поврзуваме со Организацијата на Обединетите Нации (ООН). Земјите кои учествуваат во нив, докажуваат дека градат миролубива политика и нивниот придонес во зачувувањето на меѓународната безбедност

[1] На 26 јуни 1945г. на конференцијата во Сан Франциско, од страна на претставниците на педесет држави се основани Обединетите нации.

и мирот е од непроценливо значење. ООН го констатираат составот на колективната безбедност[2], и со тоа би ја надополниле индивидуалната самоодбрана на државата.[3] Мировните операции имаат големо значење во денешни услови, кога секојдневно се зголемуваат непријателските активности во кризните региони во светот. Тоа посебно се воочува во земјите од Афричкиот континент и земјите од Блискиот и Средниот исток. По распадот на биполарниот систем, тоа беше воочено и врз земјите од Југоисточна Европа и земјите кои имаа трансформација на своите системи. Со самото спомнување на мировните операции, се споменуваат и активностите на меѓународните политички и безбедносни организации. Се поголем е бројот на земјите учеснички во мировните операции. Но учествувакји со свои сили во ризичните подрачја од светот, расте и процентот на ризиците и заканите врз самите нив. Кај таквите држави „заштитнички", ризиците и заканите растат врз нивните сили директно во операциите, а и врз другите сили на териториите на нивните држави. Позитивните придобивки од учеството на земјите во меѓународните политички и безбедносни организации, во мировните операции е од посебно значење за нивната стабилност. Тоа посебно се однесува на земјите кои учествуваат во мировните операции, а истите не се членки во тие организации. Досега голем е бројот на мировните операции во минатото а и денес кои се актуелни и сѐ уште траат во големи размери и се појавуваат секојневно. Доминантни во самите операции се големите сили, но не е исклучен и големиот придонес на помалите држави-учеснички.

Улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции претставува централен дел во магистерскиот труд. Од ова произлегува можноста за истражување и давање на претпоставки за идните мировни операции на нашата Армија, кои имаат влијание во одржувањето на светскиот мир. Поради овие причини истражувањето ги опфаќа подготовките на нашите припадници пред упатувањето во мировните операции,

[2] Синтагмата „колективна безбедност" не се наога во Повелбата на ОН, но во Повелбата индиректно се зборува за колективната безбедност,

[3] Vajič N. „Od koncepta kolektivne sigurnosti do mirovnih operacija Ujedinjenih naroda – I natrag?", Zbornik PFZ, 46 (1), 15 – 26, 1996 god, str. 16.

проблемите кои се појавуваат за време на реализирањето на задачите и по враќањето по завршувањето на мировните операции.

Истражувањето е значајно бидејќи ќе придонесе за подобрување на квалитетни подготовки за идните мировни операции на припадниците на нашата Армија. Преку анализирањето на проблемите во текот на подготовките и реализирањето на мировните операции, во наредниот период, треба да се почуствува одстранување на наведените недостатоци.

# 1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Со самото постоење на човечките општества, како организациски целини, тие постојано биле предмет на определен вид на загрозувања, со што понекогаш било во прашање нивниот опстанок. Со зголемувањето на заканите по општеството, се зголемуваат и активностите околу заштитата и опстанокот на истите. Во почетокот на човековата историја, поради нискиот степен на економски, технички, психолошки и др. вид на развој, и активностите што ги организирал човекот се карактеризираат со поедноставни облици на заштита.

Денес безбедносната ситуација во светот е карактеристична по постојани промени кои настануваат внатре во рамките на светската политика и поради тоа често се доведуваат во прашање вообичаените механизми со кои се регулираат мировните операции.

Анализирајки ја историјата на мировните операции, тие најчесто се поврзуваат со Организацијата на Обединетите Нации. Но и пред постоењето на ООН, постоеле воени активности за воспоставување и чување на меѓународниот мир во Европа. Карактеристично за мировните операции во тој период е што тие биле поврзани со мировните договори, по завршувањето на војните. При крајот на Првата светска војна, Лигата на народите спроведувала активности кои биле слични со операциите за зачувување на мирот во рамките на Обединетите нации. Како најпознати мировни операции од тој период спаѓаат воените и полициските сили кои Англија, Холандија, Шведска и Чехословачка ги испратиле во германскиот регион Сар, заради плебисцит за приклучување кон германскиот Рајх.[4]

Со основањето на ООН во 1945 година и мировните операции, се развиваат во нова фаза наречена „модерни мировни операции". Во тој период истражувачите на мировните операции настапуваат критички кон Повелбата на Обединетите Нации, бидејки во неа не е спомнато

[4] Митревска М. Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2010, стр. 91.

воспоставувањето и одржувањето на мирот. Во овој период зачувувањето на меѓународниот мир и безбедност се реализира на воспоставување на дипломатско-правни средства и преземање на санкции и принудни акции. Обидите што ги преземаат одделни земји околу зачувувањето на мирот и безбедноста се сведуваат на исполнување на нивните интереси.

Денес во услови на појавување на современиот тероризам и бројните терористички организации во светот, а посебно на Блискиот Исток, поддржани од поедини влади, светските организации за зачувување на светскиот мир ги зголемија и мировните операции.

Мировните операции освен со нивното реализирање во кризните региони, се занимаваат и со широк спектар на проблеми и прашања кои вклучуваат нивно изгласување во светските организации, подготовки, финансирање, прифаќање од локалното население и прилагодување на активностите кон цивилните институции.

Армијата на Република Македонија активно учествува во мировните операции со цел справување на заканите и ризиците по меѓународниот мир и безбедност и учество во борбата против тероризмот во светот.

Поради тоа во ова истражување ќе пробам да ја опишам улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции, а посебно во Исламската Република Авганистан и да ја согледам поврзаноста од учеството во мировните операции и зачувувањето на светскот мир со влијанието врз стабилноста во регионот и стабилноста на нашата држава. Сето тоа ме наметнува во побарување за одговор на прашањето „Колку од согледувањето на потребата од земјите членки на НАТО да учествуваме во мировните операции ќе добиеме побрз прием во НАТО"!

Мировните операции претставуваат комплексна активност за сите држави учеснички во нив, кои подразбираат сеобухватни подготовки како и познавање на принципите на меѓународното војување. Во понатамошното излагање ќе се задржам поконкретно на нивните најважни карактеристики. Нивна основна карактеристика претставува квалитетни подготовки. За разлика од помоќните држави кои наидуваат на помали проблеми,

Република Македонија се соочува со поголем број на проблеми кои зависат од финансиската моќ одобрени за таа намена.

Мировните операции како активност кои се насочени кон воспоставувањето и зачувувањето на светскиот мир, најпрво претставуваат облик на мноштво активности преземени од земјите учеснички кои се насочени кон завојуваните држави и меѓународните актери кои ги предизвикуваат кризните состојби. Сето тоа ја означува и улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции, чија првенствена функција претставува одбрана на Република Македонија, но и учество со другите Армии на другите држави во зачувувањето на светскиот мир. Мировните операции претставуваат едно од најзначајните активности на Армијата на Република Македонија, бидејки нивната цел е воспоставување и одржување на светскиот мир, а со тоа зачувување и одржување на мирот во регионот и во нашата држава. Поради тоа мировните операции денес претставуваат најдобар начин на презентирање на нашата Армија надвор од нашата држава. Со дејствувањето на нашата држава во решавањето на меѓународните спорови со останатите држави-членки на НАТО, се поврзува и самиот прием во НАТО.

### 1.1. Дефинирање на проблемот на истражување

Се е поголем бројот на државите кои учествуваат во мировните операции, а посебно големите сили кои се носители на истите. На тој начин преку нивното учество, тие имаат можност да влијаат и на помалите држави за нивно учество, истовремено остварувајки влијание врз меѓународниот мир. НАТО претставува организатор на мировната операција „ИСАФ" во Исламската Република Авганистан, а покрај другите објективни фактори и тоа претставува дополнителен мотив за учество на Армијата на Република Македонија. Секако, во овој контекст ќе ги спомнам и досега неуспешните обиди за прием во НАТО, кои во суштина беа нејасни. Меѓутоа од почетокот на учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции,

до денес постепено се зголемува бројот на учесници, а со тоа и доаѓа до зголемување на улогата во нив.

Од друга страна преку учеството, Армијата на Република Македонија сака да ја покаже желбата во зачувувањето на меѓународниот мир преку другите држави и големите сили, од кои зависи приемот во НАТО. Активностите на Армијата на Република Македонија меѓудругото се насочени и во склад со учеството во мировните операции, што значи дека треба да се обезбедат квалитетни подготовки и дојде до успешно реализирање на задачите во секоја мировна операција. Припадниците на Армијата на Република Македонија имаат потреба од постојано усовршување во обучувањето. Со квалитетни подготовки и навремено обезбедување на материјално-технички и финансиски средства, доаѓа до зголемување на квалитетот на реализирањето на задачите и до смалување на ризиците за секој учесник во нив. Армијата на Република Македонија преку учеството во мировните операции има значајно место во полтичките процеси на Република Македонија, затоа што не само што учествува туку и дава голем допринос во нив.

Проблемот на истражување претставува улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции и тоа конкретно во Авганистан.

Определувањето на овој проблем може да се разгледа како:

- колкав е придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции, и тоа конкретно во Авганистан и
- какво влијание има учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции.

Активностите на радикалните исламистички групи, најчесто се групирани и дејствуваат во земјите од Блискиот и Средниот исток. Бројните терористички организации предводени од најмоќната терористичка организација „Al Caeda" во светот претставуваат секојдневна закана за опстанокот на човечката цивилизација.

Стекнатото искуство на нашите "мировници", ќе биде применето и во операциите за справување на заканите и ризиците во Република Македонија и пошироко во регионот. Со учеството на Армијата на РепубликаМакедонија во најголемата[5] мировна операција "ИСАФ" предводена од НАТО, нашата Армија придонесува во зачувувањето на светскиот мир.

## 1.2. Релевантни досегашни истражувања

Со повеќегодишното учество на Армијата на Република Македонија во мировните операции, нивното проучување постанува се повеќе достапно. Сето тоа го олеснува моето истражување, а и се почесто се наидува на разработка на таа проблематика. Во текот на анализирањето на досега извршените анализирања, не пронајдов ниту една статија која детално ги проучува мировните операции.

Делумните студии и истражувања, кај нас и во другите држави, најчесто се задржуваат на проблемите пред упатување и за време на реализирање на мировните операции. Од сето тоа произлегуваат и предлози за нивно подобрување.

Од досегашните истражувања за придобивките на Армијата на Република Македонија од учеството во мировните операции, со акцент на мисијата „ИСАФ", првенствено се сметаат научените лекции и стекнатите искуства, од кои во одредени сегменти се согледуваат бенифициите од учество во мисија.

Фактите зборуваат дека досега се доделени 1900 одликувања на македонските мировници кои учествувале во мировните операции. Тие бројки јасно зборуваат дека нашите мировници даваат свој придонес во мисиите.

Во досегашните прегледи и истражувања за учеството на македонските мировници во мисијата „ИСАФ", се истакнува дека од самиот почеток во 2002 година, па се до денес, Република Македонија дава свој придонес во изградбата на мирот во Исламската Република Авганистан.

[5] Интернет; во мај 2012 ИСАФ броела околу 129500 војници од 50 земји.

Имено постепено доаѓа до зголемување на бројот на македонските припадници во мировните операции. Мировниците на Армијата на Република Македонија од страна на Алијансата добиваат високи оценки за исполнување на бараните строги стандарди во делот на обуката и оперативните процедури. Командните структури добиваат исто така високи оценки во однос на работата на единицата, што за Македонската Армија е голем поттик за понатамошно продолжување на успешната мисија.

Од моето истражување јас заклучив дека не постои квантитативно мерило, со кое би се измерил придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции. Тоа почесто не наведува на спомнување на учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции, како важна улога во зачувувањето на светскиот мир, и се почесто апелирање на големите сили за прием во НАТО.

### 1.3. Предмет на истражувањето

Мировните операции претставуваат значајна активност на Армијата на Република Македонија и како такви претставуваат добар пример за изучување во областа на одбраната на државата и меѓународните активности на Република Македонија.

Предметот на истражувањето е "Улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции-Авганистан". Преку истражувањето треба да се дојде до следните заклучоци:

- каква е улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции, па според тоа да се определат идните нејзини насоки во извршувањето на задачите во мисиите,
- колкав е придонесот на припадниците на Армијата на Република Македонија во мировните операции на НАТО, ЕУ и ОН и поддршката што ја дава нашата Армија во глобалната војна против тероризмот и
- дали со учеството на нашата Армија во мировните операции ќе добиеме покана за побрз прием во Алијансата, како гарант за поголема сигурност и безбедност за нашата држава.

Улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции и нејзиното учество како нејзин значаен аспект се релевантни за моето истражување, затоа што ѓи карактеризира реализирање на важни задачи во Исламската Република Авганистан, но по успешно извршените подготовки, во смисла на персонал, материјално-технички и финансиски.

Во конкретното истражување ќе бидат проучувани и проблемите кои се појавуваат пред упатувањето во мировните операции, за време на извршување на операциите и по враќањето на припадниците.

Во текот на самото истражување ќе се согледаат и самите придобивки од мировните операции.

Успесите во реализирањето на задачите можат да влијаат за побрз прием во НАТО.

## 1.4. Цел и задачи на истражувањето

Целта на истражувањето произлегува од претходно дефинираниот проблем. Таа е, да се согледа придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции на глобално ниво.

Во работата ќе пробам да го истражувам односот између улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции и нејзиниот допринос и подготовките за учество кои се неопходни при реализирањето на истите. Бидејки мировните операции претставуваат значајна активност за Армијата на Република Македонија, ќе пробам да утврдам дека со учеството во мировните операции и зачувувањето на светскот мир, придобивките ќе се почуствуваат и врз стабилноста во регионот а со тоа и врз самата стабилност на нашата држава. Во врска со тоа ќе пробам да истражам дали од подготовките зависи успехот во релизирањето на задачите и аналогно на тоа согледувајки ѓи резултатите од водечките држави на НАТО ќе добиеме побрз прием во Алијансата.

При досегашните упатувања на контигентите, сите досегашни проблеми кои се појавија, со ова истражување треба да се земаат во предвид. Карактерот на ова истражување ке биде со анкета. При тоа ќе се земе во предвид еден контигент, кој бил во мировни операции.

Улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции е сложена активност, од која произлегуваат следните задачи:

- да се изврши научен пристап и опишување на улогата на Армијата на Република Македонија во мировните операции – Авганистан, анализирајќи ги позитивните ефекти од учеството и да се извлечат придобивките кои можат да се добијат со учеството во самите операции,

- да се утврди до кој степен е Армијата на Република Македонија обучена за учество во мировните операции, земајќи ја во предвид последната трансформација и промените кои се случуваат со постепеното повлекување на „ ИСАФ" силите,

- со крајниот заклучок од резултатите од мировните операции, да се продолжи со начините на извршување на задачите во операциите или да се направат нови измени кои би се вметнале во самите подготовки и практично спровеле во текот на извршување на операциите,

- извлекување на заклучоци од самите операции и вметнување во стратегијата за одбрана на Армијата на Република Македонија во борбата против непријателските сили насочени против Република Македонија и

- креирање на политика од владата на Република Македонија за побрз прием на Република Македонија во НАТО, искористувајќи го учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции и нејзиниот придонес како услов за прием.

### 1.4.1. Хипотези на истражувањето

Општата хипотеза е: Ако Армијата на Република Македонија со своето учество во мировните операции придонесува кон зачувувањето на светскиот мир, тогаш резултатите од нејзиното учество би се почуствувале и врз стабилноста во регионот, а со тоа и врз самата стабилност на нашата држава.

Помошни хипотези:

Хипотеза 1: Подготовките за учеството во мировните операции, правилниот избор на персоналот и расположивите капацитети на државата

за таа намена, влијаат врз успехот во реализирањето на задачите во мировните операции.

Хипотеза 2: Согледувањето на потребата од учество на Армијата на Република Македонија од земјите членки на НАТО во мировните операции, ќе влијае врз поканата за побрз прием во Алијансата.

### 1.4.2. Варијабли на истражувањето

Зависна варијабла:

- придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции;

Независни варијабли:

- подготовките за учество,
- човечкиот фактор, и
- техничката опременост на припадниците во мировните операции.

## 1.5. Методологија на истражувањето

Најголем дел од истражувањето ќе биде заснован на квалитативна анализа. Но исто така користена е и кванитативна анализа, дескриптивна анализа, метод на дескрипција и метод на интервјуирање. Освен истражувањето, анализирани се и други извори и мемоари.

Во работата е користена компаративно – историска метода која се покажа посебно практична за испитување на студија на случај, студија на подрачјето, односно проучување на изборот и донесување на одлука.[6]

Во текот на истражувањето ќе согледам колку Армијата на Република Македонија преку учеството придонесува во зачувувањето на мирот во светот. Истражувањето ќе се изврши со анкета на еден контигент, каде што ќе се разгледаат проблемите кои се појавуваат во текот на реализирањето на мировните операции и придобивките кои треба да произлезат од учеството.

[6] case studies – студија на случајот, area studies – студија на подрачјето, decision making studies - студија на изборот и донесување на одлука

### 1.5.1. Испитаници

Во текот на истражувањето ке извршам анкетирање на еден контигент од мировната операција – „ИСАФ“. Анкетирањето ке го реализирам на 150 припадника, од кои 20 припадници ке бидат од женски пол. Во текот на истражувањето ке бидат опфатени припадници од најразлични старосни групи, од најразлични националности, со различен вид на образование, и припадници кои биле само еднаш и со повеке учества во мировните операции. Во контигентот ке бидат опфатени припадници кои биле во период од најмалку од 2 години од различни групи, поради различниот процент на ризик во Авганистан.

### 1.5.2. Мерни инструменти

Како истражувачки инструмент кој што ке го користам ке биде анкетниот прашалник, кој ке овозможи да се согледаат ефектите од учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции и дали подеднакво придонесуваме во борбата против новите закани за човековата цивилизација. Преку согледувањето на учеството во мировните операции на Блискиот Исток, ке се согледа и придонесот кон поголема стабилност во регионот а со тоа и на нашата држава.

Анкетниот прашалник ке биде изработен за потребите на ова истражување во согласност со поставениот проблем, предмет, цели и хипотези. Врз основа на поставената хипотеза ке биде составен анкетниот прашалник  со чија помош ке се мери зависната варијабла степенот на ризик за време на реализирањето на мировната операција, и независните варијабли подготовките за учество, човечкиот фактор, и техничката опременост на припадниците во мировните операции.

### 1.5.3. Статичка обработка на податоците

Обработката на податоците ќе биде реализирана по следните фази:

- Прва фаза: средување на податоците;
- Втора фаза: проверка на податоците и внесување во програмата за обработка на Microsoft Office Excel и SPSS – програма за статистичка обработка на податоци;
- Трета фаза: анализа на добиените резултати со помош на графичко претставување и
- Четврта фаза: изведување на заклучоци според добиените резултати.

Со добиените резултати ќе се уверам дали хипотезите ќе бидат потврдени или не.

## 2. ОПШТО ЗА КОНФЛИКТИТЕ

Во секојдневниот говор под конфликт најчесто се подразбира судир меѓу или повеќе лица или групи кои применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат.[7]

Вооружените конфликти претставуваат реалност на човештвото – појава која во голема мера го одбележува неговиот развој.[8]

Во меѓународните односи во услови на Студената војна, конфликтите станаа најчесто споменуван поим, лоциран во односите помеѓу водечките блоковски сили и на кои трката во вооружувањето и примената на најразлични средства и методи за доминирање на помалите и економски ослабнати држави, им беше секојдневна активност. Карактеристично за овој период беше директното влијание на војните како закана за мирот и безбедноста, додека на конфликтите помеѓу самите држави во тој период иако беа многубројни, не им се предаваше некоја посебна тежина.

Воен конфликт се дефинира како: „користење вооружена сила од страна на воените сили на две или на повеке влади (држави), или помеѓу влада држава и најмалку една организирана вооружена група и како последица на воените дејства во текот на една година има најмалку 10 загинати или 100 повредени лица".[9]

Конфликтот претставува комплексна појава, па според тоа постојат поголем број на дефиниции. За правилно дефинирање на конфликтот, секогаш треба да се земат во предвид трите компоненти на конфликтот:

- страните во конфликтот;
- конфликтното однесување и

[7] Гоцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л. „Разрешување и трансформација на конфликтите", Македонска ризница, Куманово, 1999, стр. 10.

[8] S. Fabijanič Gagro, Promjena kvalifikacije oružanog sukoba, Pravni fakultet, Rijeka, 2008, str. 1067.

[9] Sipri<http://www. sipri. se/>international conflict.

- конфликтните интереси.[10]

Врз основа на трите компоненти, конфликтот можеме да го дефинираме како: „ситуација во која се инволвирани најмалку две страни (поединци, групи, држави) и кои се стремат кон цели кои се некомпатибилни од самиот почеток или се стремат кон една иста цел која меѓутоа може да биде постигната единствено од една страна“.[11]

Исто така, конфликтот можеме да го дефинираме како ситуација во која се инволвирани најмалку две страни (поединци, групи, држави) кои сакаат да применат средства кои се некомпатабилни за остварување на одредена цел.[12]

Големиот број на спротивности и противречности и најразличните и неразрешени проблеми и неразјаснетите состојби во и околу самите држави, укажуваат дека насилните конфликти и во наредните години ќе бидат доминантни помеѓу државите. Хегемонијата и доминацијата на водечките сили во светот над останатите држави и понатаму останува. Конфликтите како негативна појава се присутни од најстарите времиња на човековото постоење па сè до денес. Ризиците од глобалната светска војна и понатаму ќе постојат, но се повеќе ке се појавуваат локални војни, војни кои се под влијание на политиката на регионите, како и војни започнати врз основа на верска и национална омраза. И во иднина заканите од користењето на нуклеарното оружје остануваат.

Со појавувањето на конфликтот, тој веке постои, потоа достигнува некој максимален развој, а потоа се пристапува кон негово елиминирање и непостоење, но и појава тој повторно да се појави. Како најкаректиристични би ги спомнал граѓанските конфликти кои откако ќе се појават, можат да траат и подолго време. По завршувањето на конфликтите покрај негативните ефекти, може да се почуствуваат и позитивни ефекти и со промени кои водат кон развој за сите.

---

[10] Котовчевски М. Полемологија, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 46.

[11] Исто.

[12] Исто.

Развојот на конфликтот може да се подели на три последователни фази:

- пред насилство;
- за време на насилство и[13]
- по насилството.[14]

Денес меѓународната заедница се соочува од голем број на закани по мирот и безбедноста, кои произлегуваат од современите конфликтни состојби. Во современите меѓународни односи, конфликтите станаа најчесто споменуваните појави, кои го загрозуваат опстанокот на човековата цивилизација. И покрај тоа, дали се работи за внатрешни или меѓународни конфликти, проблемите кои се појавуваат со нивното појавување се сосема идентични.

## 2.1. Видови на конфликти

Вооружените конфликти се делат во две основни групи: меѓународни и немеѓународни вооружени конфликти.[15] Различните модели на конфликти кои се пјавуваат во денешните услови, доведува до потешкотија во дефинирањето и разликувањето на секоја од тие видови на конфликти.

Вооружените конфликти можат да се поделат и на:

- Мал вооружен конфликт, кој има мнајмалку 25 жртви од борбите годишно, а помалку од 100 жртви од траењето на конфликтот;

- Среден вооружен конфликт, кој има најмалку 25 жртви од борбите годишно, каде вкупно има најмалку 1000 жртви, но помалку од 1000 жртви годишно;

---

[14] Котовчевски М. Полемологија, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 45.

[15] S. Fabijanič Gagro, Promjena kvalifikacije oružanog sukoba, Pravni fakultet, Rijeka, 2008, str. 1067.

- Војна, во која има најмалку 1000 жртви од борбите годишно и

- Голем вооружен конфликт, кој ги опфаќа средниот вооружен конфликт и војната.[16]

Исто така постои и следната поделба:

- конфликти со висок интензитет, во кој има повеќе од 1000 жртви во период од една година;

- конфликти со низок интензитет, во кој има од 100 до 1000 жртви во период од една година и

- насилен политички конфликт, во кој има помалку од 100 жртви во период од една година.[17]

Во периодот по Студената војна, карактеристични се транзициските конфликти и постојат два вида на конфликти:

- Стратегиски конфликти, во кои спаѓаат вообичаените конфликти на политички интереси внатре во државата и конфликти со соседите од геостратегиско значење и

- Конфликти на идентитетот кои продираат во колективниот, културен идентитет на страните учесници во конфликтот.[18]

Според поделбата на Јохан Галтунг постојат:

- Конфликти на моќ и конфликти на општествени димензии;
- Конфликти на моќ и конфликти на светски димензии;
- Интраперсонални конфликти и

[16] Котовчевски М. Етиологија на вооружените конфликти, Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр. 36 и 37.

[17] Исто.

[18] Исто.

- Интерперсонални конфликти.[19]

Во зависност од тоа кои се страните во конфликтот, постојат:

- Интерперсонални,
- Интергрупни и
- Интрагрупни конфликти.[20]

Имајќи предвид дека конфликтите произлегуваат од најразлични причини, тие можат да се категоризираат во три нивоа:

- Конфликти поради ограничени ресурси,
- Конфликти поради незадоволени базични потреби и
- Конфликти поради различни вредности.[21]

Многу важно е да се знае каде националната безбедност би го лоцирала самиот конфликт. Доколку се лоцира во сферата на ранливоста на државата, тогаш изворите на конфликтот треба да се бараат во нејзините внатрешни слабости. Но доколку се лоцира во сферата на загрозувањата на националната безбедност, тогаш тој претставува меѓународен конфликт.

## 2.2. Карактеристики на вооружените конфликти

Денес во светот вооружените конфликти се во постојан пораст. Како нивни главни карактеристики се следните:

- насилство од големи размери;
- претставуваат сериозна глобална безбедносна закана;

[19] Котовчевски М. Полемологија, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 49 и 50.

[20] Гоцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л. „Разрешување и трансформација на конфликтите", Македонска ризница, Куманово, 1999, стр.11.

[21] Исто.

- внатрешните вооружени конфликти се доминантни, а сето оа резултира со голем број на жртви;

- зголемениот интензитет на внатрешните вооружени конфликти доведува до глобилизација на вооружените конфликти;

- висок ниво на криминал;

- појава во сиромашните држави на критична маса за избувнување на социјални потреси и социјални конфликти;

- зголемување на цивилните жртви;

- зголемување на бројот на деца – учесници во нив и

- зголемување на финансиските трошоци во фазата на градење на мирот и стабилноста.[22]

Новите видови на загрозување на безбедноста на државите не се од воена и надворешна природа, туку се повеќе доаѓаат од внатрешноста на самите држави и појавувањето на новите облици на војување.

Конфликтите се комплексна појава и во нив секогаш се инволвирани повеќе страни со различни цели. Во нив најчесто се вклучени и големите сили, кои најчесто се претставуваат како неутрални страни, а кои во суштина ги прикриваат своите вистински цели.

Во новите вооружени конфликти, последиците најмногу ги чувствува цивилното население.

Kofi Anan, изјавува дека „главна цел на вооружените конфликти не е уништување на армиите, туку уништување на цивилното население или цели етнички групи".[23] По извршената инвазија во периодот од 1979 година па се

[22] Котовчевски М. Полемологија, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 9-16.

[23] „Secretary-General says proposals in his report on Afrika Require New Ways of Thinking, of Acting", United Nations Press Release, 16 April, 1998, accessed 30 January, 2003, dostapno na internet http://www.un.org/esococdev/geninto/atrec/sgreport/pressrel.htm.

до избивањето на меѓуетничките конфликти во текот на деведесетите години на минатиот век, во Авганистан има погинато преку 2 милиони на жители.[24]

Потребата на привремено засолнување на цивилното население за време на вооружените конфликти, резултира со иселување од едно подрачје на друго. На голем број од нив и се губи и трагата, кои никогаш повеке не се пронајдени. Како пример би ја спомнал војната во Босна и Херцеговина.[25]

По завршувањето на Студената војна доага до промена на карактерот на конфликтите. Со појавата на новите локални, етнички, верски и граѓански конфликти, доаѓа секогаш до инволвирање на големите држави, кои секогаш ги користат владите, терористичките групи и други екстремни групи во овие држави за водење на овие војни.

Овие војни се обележани со што поголемо присуство на внатрешните, недржавни актери и се поголемо замаглување и мешање на различни форми на насилство (политичко, криминално и др.) кое во голема мера допринесува за ослабнување на државата-нацијата.[26]

Како проблем кој треба да се истакне, а кој често се појавува во денешните вооружени конфликти е етничкото чистење на поедини групи. При тоа доаѓа до иселување на цели региони или масовни страдања на голема група на луѓе доколку останат во своите места. Често пати во отежнувачки околности и меѓународните институции реагираат со закаснување или во недоволни размери, каде што последиците ги чувствува недолжното население. Новиот радикален и исламистички поредок претставува сериозна закана за меѓународната заедница. Конфликтите најмногу ги чувствуваат земјите од Блискиот Исток и Северна Африка, бидејки во нив доминира

---

[24] Misija podrške miru u Avganistanu; Evroatlanske revije; Danel Šunter.

[25] Во војната во Босна и Херцеговина има погинето околу 105 000 луѓе. Достапно на: http://www.bosnaonline.org/broj-poginulih-u-bosni-i-hercegovini-za-vrijeme-rata-105-000-procjene-haskog-tuzilastva/

[26] Dulič D. Mirovne i humanitarne operacije, Fakultet bezbednosti, Beograd 2008, str. 39.

муслиманско население. Како најкарактеристични се примерите во Авганистан, Либија, Египет и Сирија.

Во конфликтите завојуваните страни најчесто тежнеат да завладеат или да ги уништат виталните објекти. Често пати за поседување на истите, конфликтите траат временски подолго и со големи страдања на човековата цивилизација. Како најкарактеристичен проблем за конфликтите во денешно време претставува борбата за поседување на нуклеарното и хемиското вооружување од завојуваните страни.[27]

Во таквите региони се појавува глад, масовно напуштање на своите домови, распаѓање на државните структури и институции, геноцид и недостаток на лекови. Притоа ваквите региони кои се зафатени со вооружените конфликти не се способни за контролирање на ваквата ситуација и истата брзо се шири и во соседните држави.

Основен став на меѓународната заедница спрема современите конфликти е заземање на позицијата како трета страна, во согласност спрема која она се ангажира помеѓу двете завојувани страни, а не билетарилизам, кои се обидува да ја подржи една од страните. Новиот вид на интервенционизам донесува три главни оперативни предизвици на меѓународната заедница: потреба за заштита на цивилното население од насилство, управувањ со цивилно - воените комбинации во операциите под покровителство на ОН и фокусирање на мировниот процес како начин да се прекине војната.[28]

Во поглед на спроведувањето на мировните операции, важна промена се случува во самиот карактер на конфликтите – конфликтите између државите се повеќе почнуваат да отстапуваат место на внатрешно-државните конфликти – што подразбира и неопходност во релизирањето на мировните операции, кое последователно доведува до „еволуција" на

[27] Конфликтот во Сирија.

[28] Dulič D. Mirovne i huminatarne operacije, Fakultet bezbednosti, Beograd 2008, str.40 i 41.

мировните мисии од тадиционален модел спрема сеопфатни, мултидимензионални мировни мисии.[29]

## 2.3. Вооружените конфликти во светот

Како најризични делови во светот и понатаму остануваат земјите од Блискиот исток, Централна и Јужна Азија и Африка. Годината по Арапската пролет и промените во земјите од северна Африка во децениските режими на владеење на нивните лидери, изминатата година беше карактеристична, со продолжување на конфликтот во Сирија, каде силите на претседателот Башар АЛ Асад, сега водат граѓанска војна со побунетите припадници на Армијата, кои се приврзаници на опозицијата. Напнатоста се чувствува и на Корејскиот полуостров, во односите помеѓу Израел и Иран, како и во Јужна и Средна Америка каде властите се борат со нарко - клановите, кои меѓусебно водат војни.

САД и западните сојузници изјавуваат дека ситуацијата во Сирија е неиздржлива, а во земјата нема услови за промена на ситуацијата, додека Русија и Кина се спротивставуваат за воведување на нови санкции на Асадовиот режим и надворешното мешање во случај ако регуларните власти да го запрат конфликтот.

Во Либија, по локалното востание против Моамер ел Гадафи, веднаш следуваше воена интервенција од западните држави на чело со Англија, Франција, САД, со помош на другите земји.

Крајниот резултат беше убиството на Либискиот претседател, а земјата се повеке се движи во сценарио кое води на распаѓање на три историски региони, додека помошта од земјите од светот изостанува. Конфликтот полека од Либија се префрла во Мали, каде по воениот удар во таа западна Афричка држава е основана држава Азавад на северот на Мали, така што таа новоформирана држава ја нема никој признаено.

[29] Jakešević R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih Nacija, Fakulteta Poltičkih znanosti sveučilišta, Zagreb, 2011, str. 78.

Нарушени односи постојат помеѓу Северна и Јужна Кореја, поради нуклеарното вооружување. САД како водечка сила во светот, се повеќе своето внимание го насочуваат во Азија и Пацифичкиот регион. Исто така, тие внимателно го следат развојот на ситуацијата околу нуклеарната програма во Иран. Изреал постојано ја следи состојбата во Иран и стравува од тоа да не постане нуклеарна сила, бидејки тоа претставува закана за нивната држава и регионот.

Со најавата на повлекувањето на „ИСАФ“ од Авганистан, талибанците ги зголемуваат нападите на сојузничките сили.

Нападите на пиратите исто така претставуваат закана за глобалниот мир и безбедноста. Тие се најбројни во Аденскиот залив, кај брегот на Сомалија, и во Малајскиот теснец измеѓу Малезија и Индонезија кои и самите имаат затегнати односи.

### 2.3.1. Анализа на конфликтите

Конфликтот е присутен во сите сфери на меѓународните односи. Конфликтите постоеле во минатото, постојаст денес и ке постојат и во иднина, но и понатаму ќе претставуваат предизвик за националната и меѓународната безбедност и извор на нестабилност.

Манифестирањето на конфликтот, во било кој облик има исто значење, бидејки тој секогаш има заеднички карактеристики, а посебно ако продуцира неповолни односи за мирот и безбедноста.

Во теоријата на меѓународниот конфликт, помеѓу аналитичарите постои мислење дека не постои единствена причина за вооружен конфликт. Покрај економските кофликти и етничките конфликти се најчесто присутни во светот. Нивното постоење, најмногу се забележа по завршувањето на Студената војна. Имено, етничките состојби не претставуваат причина за создавањето на конфликтите, туку етничката припадност на поголем дел на населението во одредена средина претставува добра основа за етно-

политичка мобилизација за остварување на други политички цели. Во меѓународната заедница, ова е најмногу застапено и многу често се користи од одредени држави за остварување на доминација над други држави или региони. Анализирајки ги причините за конфликтот, голем број на истражувачи (Јохан Галтунг) сметаат дека конфликтот никогаш не манифестираат заеднички карактеристики за да се изведе единствена констатација. Но сепак како главен заклучок е дека постои голема поврзаност помеѓу меѓународните и внатрешните конфликти, што во пракса не можат да се анализираат посебно. Оттука произлегува и причината што меѓународната заедница реагира и прави услови за нивно побрзо разрешување.

### 2.3.2. Зголемување на вооружените конфликти

Во поголем број на држави во светот и понатаму се наоѓаат под притисок од избувнување на вооружен конфликт или пак конфликтот е присутен.

Во последните години бројот на конфликтите ширум светот постојано се зголемува. За разлика од 2010г. кога се регистрирани за шест меѓународни конфликти повеќе, во 2011г. тој број бил многу поголем и изнесувал 338 конфликтни ситуации во земјите од светот, а во 2012г. бројот на конфликтите е зголемен за 9 пати.[30]

Експертите регистрирале 338 конфликтни ситуации во земјите низ светот, од кои 38 од нив се класифицирани како „високонасилни конфликти", а тоа означува „конфликти во кои е употребена вооружена сила", а између нив 20 го достигнале нивото на војна.[31]

[30] Извештај на Конфликт барометар, на Институтот за истражување на меѓународни конфликти во Hajdelberg, од 26.02.2012 г.

[31] Според рангирањето на институтот од Hajdelberg, конфликт со интензитет 1 значи обична расправа или расправа во парламент, интензитет 2 ненасилна криза, интензитет 3 криза со насилства, и интензитет 4 – спорадични судири. Интензитет 5 означува војна.

Во изминатите години како позначајни би ги издвоил конфликтите меѓу наркодилерите во Мексико, Арапската пролет, па се до конфликтот на границата со Пакистан.

Карактеристично за конфликтот во Мексико е што тој се води измеѓу наркодилерите и државата и неговото ескалирање беше големо, преминувајќи во вистински вооружен бунт.

Арапската пролет или бунтот против диктаторскиот режим, донесе војни во Либија, Јемен и Сирија. Ситуацијата во овие држави е се полоша.

Во Африка, безбедносната ситуација не е подобрена, туку повторно се разгоре војната во Брегот на Слоновата Коска и во Нигерија. Се појавија немири во Тунис и Египет.

Според политокологот Natali Hofman, истражувач на Институтот во Hajdelberg, смета дека „не се покажуваат тенденции дека иднината ке не доведе до помирен свет“.

Институтот за истражување на меѓународните конфликти уште од 1991 година ги следи конфликтите во целиот свет, врши нивно оценување[32] и издава извештај кој се нарекува „Конфликт барометар“.

Изминатата година Институтот, ја забележа како рекордна година[33], за 9 конфликти повеке од 2011 година.[34]

Бројот на конфликти во Европа во 2012 г. е ист како и претходната година и изнесува 58, и најголем дел се забележани како ненасилни судири,

[32] Институтот има пет клучни елементи за оценување на вооружен конфликт, а меѓу другото тоа е бројот на жртвите, какво оружје и до кој степен се користи, износот на штетата направена како резултат на конфликтот, бројот на бегалците од војната и слични параметри.

[33] Во 2011 година Институтот избројал 399 конфликти ширум светот – од тоа 8 војни, 25 ограничени војни, 43 поголеми насилни конфликти и 165 насилни кризи.

[34] Извештај на Конфликт барометар, на Институтот за истражување на меѓународни конфликти во Hajdelberg, од 26.02.2012 г.

кои најчесто се водат за нерешени конфликти, барање за автономија и обиди за сецесија.[35]

## 2.4. Употреба на вооружените сили на Обединетите Нации во вооружените конфликти

Со интервенција на Обединетите Нации, одредени меѓународни конфликти можат да прераснат во немеѓународни доколку во таа интервенција престане вооруженото мешање на трета држава во неа.[36] По барање на советот за безбедност доага до ангажирање на меѓународните сили кои можат успешно да го прекинат вооружениот конфликт.

Употребата на вооружените сили на Обединетите Нации претставува најтешка санкција во составот на колективната сигурност на Обединетите Нации.[37] Примената на оваа санкција поврзана е со ситуацијата во која оддржувањето или воспоставувањето на меѓународниот мир и безбедност неможе да се постигне со преземање на мерки од различна природа.[38] Советот за безбедност кога ке процени дека ситуацијата е нарушена тогаш согласно според овластувањата кои се предвидени во глава VII од повелбата, презема соодветна мировна операција од вооружените сили на членките на Обединетите Нации. За што подобро воспоставување на

[35] Извештај на Конфликт барометар, на Институтот за истражување на меѓународни конфликти во Hajdelberg, од 26.02.2012 г.

[36] S. Fabijanič Gagro, Promjena kvalifikacije oružanog sukoba, Pravni fakultet, Rijeka, 2008, str. 1072.

[37] Исто. стр. 1073.

[38] Член 42 од Повелбата: ако Советот за безбедност смета дека мерките предвидени во членот 41 не одговараат (тие се потполн или делимичен прекин на економските односи, железничките, поморските, воздухопловните, поштенските, телеграфските, радио и другите средства за врски, како и прекинување на дипломатските односи) или ако се покаже да они не одговараат, тогаш тоа може, со воздухопловни, поморски или копнени сили, да преземе таква акција со која мисли дека е потребна за одржување или воспоставување на меѓународниот мир и безбедност. Таа акција може да опфати демонстрација, блокада и други операции на воздухопловните, поморските или копнените сили на Обединетите Нации.

меѓународниот мир и безбедност, Советот за безбедност може да ги преземе сите неопходни мерки кои можат да бидат со употреба на вооружена сила или без неа. Преземањето на мерките претставува задолжителена активност на Советот за безбедност.

Советот за безбедност одговорен е за одржување на меѓународниот мир и безбедност и е овластен да биде носител на остварувањето на колективната безбедност, како и за примената на принудните мерки, како што се: делумен или целосен прекин на економските односи, економски санкции, прекин на собраќајот и врските, ескомуницирање на меѓународните организации, прекин на дипломатските врски до преземање акции што вклучуваат и употреба на воена сила или закана дека ќе биде употребена.[39]

Советот за безбедност доколку предвиди дека со преземањето на другите мерки неможе да има успех во разрешувањето на конфликтите, тогаш може одмав да одреди вооружени мерки, кои се преземаат по констатирањето дека другите мерки се покажале како неуспешни.[40] Во тој поглед акцијата е од универзален карактер, затоа што овозможува, од една страна дејствување и на државите кои не се членки на ОН,[41] а од друга ги опфака сите активности на државите кои претставуваат опасност за зачувување на меѓународниот мир. Со Повелбата не се поврзуваат само применувањето на вооружените санкции за меѓудржавните односи за решавање на нивните несогласувања туку и за последиците кои настануваат внатре во државите кога се смета за неопходно во поглед на одржувањето на меѓународниот мир и безбедност.[42]

[39] Митревска М. Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2010, стр.94.

[40] Повеке во: Ratner, Steven R., Controling the Breakup of States: Toward a United Nations Role, American Society of International Law Proceedings, vol. 88, 1994., str.42-45.

[41] Во склад со одредбата од член 2 точка 6 од Повелбата, која предвидува постапување во склад со начелите од тој член и во однос на државите нечленки, ако е тоа неопходно поради одржување на меѓународниот мир и безбедност. Денес, сепак, има многу малку држави нечленки.

[42] S. Fabijanič Gagro, Promjena kvalifikacije oružanog sukoba, Pravni fakultet, Rijeka, 2008, str. 1073.

Од првобитната замисла, со основањето на Обединетите Нации, составот за обезбедувањето на мирот, во долгодишната пракса претрпува измени. Во праксата постојат повеќе ситуации во кои е неопходна интервенција на Обединетите Нации, а со кои е неопходно отстапување од одредбите на Повелбата. Без обзир на тоа што Советот за безбедност до денес не располага со средства на присила бидејќи темелно не е разбран членот 43 од Повелбата[43] постоеле ситуации во кои е потребно да се применат други начини на дејствување на Обединетите Нации со цел на спречување на конфликтите и зачувување на светскиот мир и безбедност. Тогаш во пракса почнуваат да се развиваат нови механизми на дејствување, кои го заменуваат системот на колективната безбедност замислен во Повелбата. Оттука произлегува дејствување на разни начини, со користење на вооружените сили или без нив. Но и кога се користеле вооружените сили, нивната задача не е борба против некој одреден прекршител на меѓународниот мир.[44]

Во таа смисла денес разликуваме колективни мерки и мировни операции. Разликата е између составот на колективната безбедност, како што е замислен во Повелбата во однос на мировните операции, во тоа што кај нив не се работи за присилна акција против прекршителите на мирот во смисла на глава VII. Најпрво може да се каже за привремено одржување на

[43] Член 43 од Повелбата: Сите членови на Обединетите Нации за придонесување во одржувањето на меѓународниот мир и безбедност се обврзуваат да се ставаат на располагање на Советот за безбедност, на негов повик и во склад со посебен договор, вооружените сили, помагаат и олеснуваат, вклучувајќи право на премин, потребни за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Со таквиот договор се одредува бројната состојба и видот на силите, степенот на нивната подготвеност и општиот распоред, како и природата на олеснувањето и помошта која треба да се даде. На повик на Советот за безбедност треба да се разгледува ситуацијата за разбирање за што е можно побрзо. Нив ги составува Советот за безбедност и членовите или Советот за безбедност и сите членки, а државите потписнички треба да ги ратификацираат во согласност со своите уставни прописи.

[44] Andrassy Juraj, Seršić Maja, Međunarodno pravo 3, Školska knjiga, Zagreb, 2006, str. 82.

мирот во согласност со завојуваните страни, со цел постигнување на прифатливо и трајно политичко решение.[45]

## 3. ОПШТО ЗА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Кога зборуваме за мировните операции, пред се мислиме на некоја сложена и комплексна појава. Самото дефинирање на поимот „мировни операции" претставува сложена и тешка задача, земајќи го во предвид нивното реализирање и целите кои што треба да ги постигнат.

Изворите на поимот „мировни операции" потекнуваат уште од времето на Лигата на народите. Прецизно одредување на самиот поимот се поврзува со воспоставувањето на системот за колективна безбедност во рамките на Обединетите Нации.

Колективната безбедност претставува највисок степен на организирање на меѓународната заедница за одбрана на државите и спротивставување на државите кои ги водат војните. Колективната безбедност може и да се свати како безбедносно ангажирање на сите држави кои заедно соработуваат, со цел да би се обезбедила сигурност за сите страни во конфликтот.[46]

Концептот колективна безбедност го претставуваат Мајкл Јозеф Саваж (Michael Joseph Savage), Мартин Вит (Martin Wight), Емануел Кант (Immanuel Kant) и Вудроу Вилсон (Woodrow Wilson). Тие сите сметаат дека со применувањето на овој концепт на поширок начин, а со цел постигнување на безбедност во светот, ќе се избегне групирањето на завојуваните страни и

---

[45] S. Fabijanič Gagro, Promjena kvalifikacije oružanog sukoba, Pravni fakultet, Rijeka, 2008, str. 1074.

[46] Jakešević R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih nacija, Fakulteta političkih znanosti, Zagreb, 2011, str. 45.

формирањето на линија на поделба, со кои би останале било кои држави.[47] Како принцип, колективната безбедност се сретнува најпрво во лигата на Друштвото на народите[48], а потоа и во ОН, каде што целокупниот систем се остварува со колективните напори и акции на државите членки, внатре во институционалниот механизам на ова Организација. Со користењето на системот за колективната безбедност, членките на ОН се надеваат дека можат да ги одвратат од намерите секоја држава која сака да го загрози мирот а со тоа да предизвика и конфликт.

Мировните операции се темелно ангажирање на модерните војски. Тие најчесто претставуваат привремено ангажирање или преземање на мерки додека не се создадат услови за политичко решение.[49] Една од најважните компоненти на секоја мировна операција е воспоставувањето на добри односи со домашното население. Треба да се избегнуваат ситуациите во кои домашното население, мировните сили ќе ги доживее како странци-окупатори, а мировните операции како окупации и мешање во внатрешните работи. Воспоставувањето на мирот, прекинувањето на непријателството на завојуваните страни и да се запрат масовните страдања на цивилното население претставува почеток, а понекогаш и убав дел од мировните операции. Конечниот успех, односно спроведување на политичките цели кои ги донесува меродавно тело (влада, Советот за безбедност на ОН...) зависи од успешното воспоставување на послевоената состојба и успешноста во управувањето со неа. Посебно тоа се однесува на воспоставување на односите на доверба и разбирање со локалното население. Во сите фази на операциите разбирањето со локалното население е клучен фактор за успех или неуспех. Без доверба тешко е да се придобие локалното население, кое сепак најмногу влијае на тоа ситуацијата како ќе се развива.

---

47 Wost, David S. (1977). Nato Transformed: The Alliance's New Roles in International Security. London: Leicester University Press. p. 149.

48 Митревска М. Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2010, стр. 91.

49 Најчесто дипломатските и политичките решенија на конфликтите (peacemaking) течат паралелно со мировните операции.

Најголем проблем претставува како да се убеди локалното население дека мирот претставува најдобра варијанта. Западните држави на овој проблем гледаат дека тоа е сосема разбирливо само по себе и не треба да се разгледува подетално и дека мирот си доаѓа сам посебе.[50] Но, во државите кои долго време поминуваат во војна тешко може да им се наметне вредноста на мирот, поради долгорочните насилства кои можат да ги променат општествените елементи. Така постојат држави кои цели генерации функционираат во воени состојби, па за тие генерации војната и насилството им е само познато. Во такво опкружување тешко се наметнува идејата,дека мирот претставува најдобра варијанта.

Една од поголемите пречки претставуваат и локалните господари на војните[51], за кои војните и насилството, претставува локален извор на нивната целосна моќ. Они најчесто претставуваат господари на животот и смртта, апсолутна власт на некое подрачје. Од таквите позиции лесно не се откажуваат, туку спротивно тежнеат да се снабдат со оружје и да се борат за да ја зачуваат својата положба и моќ. За пример би ја навел лошата положба на Сомалија и неуспешноста на мировната операција на ОН во 1993 година.[52] Меѓународните сили не успеале да завладеат со ситуацијата, а локалните господари на војната успеале да ја зачуваат сопствената моќ. Тие и понатаму се биле моќни во напорите за спречување на состојбата за помирување и на тој начин успешно ги оневозможувале напорите на меѓународната заедница за воспоставување на траен мир.

Во таквите ситуации најмногу страда локалното население. Таквите држави со долготрајни внатрешни нестабилности, придонесуваат за постојана грижа за соседните држави и целата меѓународна заедница. Нестабилната внатрешна положба во самата држава предизвикува илегални собирања на непријателските групи, кои во таквите држави, поради непостоење на одговорност на власта, лесно воспоставуваат база и

[50] htpp://www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/1772008/io.asp.

[51] Тоа се криминални структури и со нивното воспоставување тие продолжуваат и во постконфликтниот период и претставуваат закана за регионалната безбедност и стабилност.

[52]Dulič D. Mirovne i huminatarne operacije, Fakultet bezbednosti, Beograd 2008, str. 137.

засолништа. Најчесто станува збор за непријателски групи кои се занимаваат со тероризам, трговија со оружје, дрога, луѓе или било со што, што за нив е исплатливо. Тоа се само некои од примерите, пред кои можат да се сретнат мировните операции. Оттука произлегува и значењето на позитивниот ефект на мировните операции да се претвори во позитивна слика кај локалното население.

Може да се наведат шест основни услови од кои зависи успехот во мировните операции и тоа: согласноста и соработката на инволвираните страни, постоење на сеопфатен договор, политичка поддршка на Советот за безбедност, П5 за операции, подршка од регионалните организации и за некои автори и логистичка, финансиска и политичка подршка од Соединетите Американски Држави.[53]

## 3.1. Постигнување на доверба

Во текот на 20 век а и денес во светот се воделе или се уште се водат војни. Од учеството во војните, донесувани се заклучоци како се однесува локалното население. Населението се однесувало различно. Постојат примери кои повеќе потикнуваат на насилства и нереди, а со тоа се зголемуваат и крвопролевањата и страдањата. Но познати се и успешните примери на локалното население со мировните сили, кое е се покарактеристично за денешните мировни операции.

Од ова треба да се извлече заклучок дека треба да се постигне довербата во локалното население и истата да се одржува. Познавањето на интересите и потребите на локалните заедници најтесно е поврзано со интервенциите во мировните операции.[54] Покрај многубројните методи на воспоставување и градење на доверба е и квалитетното информирање на локалното население за мировната операција. Дел од мировните операции

---

[53] F. Duane Bract, „Explaining Peacekeeping Perfomance. The UN in Internal Conflicts". International Peacekeeping, Vol. 4, No, 3, Autumn 1997, str. 45-70.

[54] Dulič D. Mirovne i huminatarne operacije, Fakultet bezbednosti, Beograd 2008, str. 149.

се и во кампањите при информирањето на локалното население, односно постигнување на предност во постојано собирање, обработка и ширење на информациите. Информациските активности треба да бидат насочени и кај непријателските групи, со цел да се спречи нивното информирање на сопствениот состав. Ова идеја на информациско делување на непријателските групи и локалното население е од поодамна. Посебно се интензевира во текот на Втората светска војна, а посебно се развива во војните после завршувањто на Втората светска војна. Во такви околности често доаѓа и до пропаганда.[55]

## 3.2. Сличност со цивилните активности

Моменталните достигнувања на информациските операции [56]наидуваат на поголеми потешкотии во создавањето на информациските кампањи. Водечките држави во мировните операции се земјите од Западна Европа. Тоа претставува од голем интерес, бидејки тие имаат добро развиена маркетиншка комуникација од сите врсти. Информациските операции имаат иста цел како и маркетиншката комуникација: да се влијае на локалното население, со цел позитивно да ја прифатат мировната операција. Тука големо влијание има и однесувањето на припадниците во мировните операции. И од нивното однесување зависи изградбата на позитивна слика, а со тоа и успехот на операцијата. Тука како проблем може да се појави неписменоста на локалното население и сиромаштијата која

[55] Jelušič, Lj., Mirovne operacije kot oblika globalne mirovne preventive pred širjenjem groženj, Teorija in praksa, god. 40., br. 4, 2003, str.620.

[56] Тоа се борбени задачи со кои што се информира локалното населрние за целта на мировната операција и спречување на информирањето на составот на непријателските групи за сите активности кои директно влијаат врз успешноста на реализирањето на мировните операции.

владее во таквите земји. Па затоа треба добро да се проучат активностите на тогашното цивилно население.[57]

### 3.3. Мировните операции на Обединетите Нации

Мировните операции се основани во согласност со основната цел[58] на постоењето на организацијата на Обединетите нации, а тоа е зачувување на меѓународниот мир и безбедност. Оваа цел е прецизно формулирана во Повелбата на Обединетите нации (во понатамошниот текст Повелбата), но мировните операции не се експлицитно дефинирани. Поточно, во Повелбата ни на едно место не е експлицитно предвидено постоење, организирање и спроведување на мировните операции. Затоа кај првите мировни операции воглавно биле изразени превентивни активностите на Обединетите нации. Тие беа извршени во духот на Глава VI од Повелбата, кој предвидува за мирно решавање на споровите и конфликтите.

---

[57] Jelušič, Lj., Mirovne operacije kot oblika globalne mirovne preventive pred širjenjem groženj, Teorija in praksa, god. 40., br. 4, 2003, str.625.

[58] Цели на Обединетите Нации се: 1. одржување на меѓународниот мир и безбедност, и во таа цел преземање на ефикасни колективни мерки поради спречување и отклонување на заканите по мирот и сузбивање на актите на агресијата или други повреди на мирот, како и постигнување на мирот со мирни средства а во согласност со начелата на правдата и меѓународното право, средување или решавање на меѓународните спорови или ситуации кои можат да доведат до повредување на мирот; 2. Развивање на пријателски односи помеѓу нациите, врз основа на почитување на начелото на рамноправност и самоопределување на народите и преземање на други одговарачки мерки поради зацврстување на општиот мир; 3. Постигнување на меѓународна соработка во решавањето на меѓународните проблеми, економски, социјални, културни или од хуминатарна природа и унапредување и поттикнување на почитувањето на правата на човекот и основните слободи за сите без разлика на расата, полот, јазикот или верата и 4. Постигнување на тоа да постанат центар за кординирање на акциите кои се преземаат поради постигнување на овие заеднички цели.

Мировните операции на Обединетите Нации претставуваат неутрални интервенции на трети страни, бидејки не припаѓаат ниту ни на една од завојуваните страни во текот на реализирањето на мировниот процес.[59]

Овој начин на организирање на мировни операции е во согласност со нормите на меѓународното право, вклучувајќи го и принципот на забрана на употреба на сила.Тој принцип е потврдено со член 2 точка 4 од Повелбата во кој државите се повикуваат да се воздржат од закана или употреба на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на која било држава. Со Повелбата исто така се забранува мешање во внатрешните работи на државите (член 2, став 7). Воспоставувањето на мировни мисии, во минатото а и денес ги следат многу проблеми.

Многу од нив беа решени со самото ангажирање на мировните сили, а во соработка со завојуваните држави и воени сили. Друг проблем, посебено оние од правен карактер, се решавани со прецизното толкување на Повелбата и изработка на други нормативни документи - посебено резолуцијата. Така на пример, проблемите поврзани со воспоставување на мировните мисии на Советот за безбедност правно се решени со повикување на член 29 од Повелбата, кој предвидува формирање на помошни тела на Организацијата на обединетите нации. Ова мислење е многу важно за понатамошно воспоставувањето на мировни мисии како дополнителни (и заштитни) органи на Обединетите нации, но и за дефинирање на обврските на земјите-членки во врска со нивното формирање и финансирање. За надминување на проблемите поврзани со непристојниот однос, секогаш е побарано согласност од страните во конфликтот. Согласност од тие држави не е потребна само во смисла на прифаќање на мировните мисии или не, туку и во однос на нивниот состав и задачите што треба да се извршуваат. Во почетокот, мисиите имале мониторинг улога и физичко раздвојување на силите, без употреба на сила. Силата се користела само во самоодбрана. Согласност, исто така, се барала и во врска со државите кои своите воени сили ги имаат ставено на располагање на Обединетите нации за секоја мировна мисија посебно.

[59] Dulič D. Mirovne i humanitarne operacije, Fakultet bezbednosti, Beograd 2008, str. 133.

Подоцна, со појавата на модерните (комплексни) мировни мисиии, се променува и односот спрема поедини земји, учесници во конфликтот.Тие мировни операции, по големината и видот на овластувањето, обично го поминуваат вообичаениот круг на компетентност доделени од страна на Советот за безбедност. Овие мировни операции обично се насочени против едната страна на конфликтот и без нејзина согласност. Според начинот на водење не се разликуваат од класичната агресија. Обично целите не се совпаѓа со интересите на мирот и на Обединетите нации, туку со интересите на водечките држави сојузи, кои таа операција ја спроведуваат.[60] Според тоа, мировните операции се формираат во согласност со основната цел на постоење на Организацијата на Обединетите нации. Оваа цел е јасно дефинирана во повелбата, зачувување на меѓународниот мир и безбедност.Предвиден е исто така начин на постигнување на целта, а тоа е со преземање на ефективни колективни мерки за спречување и отстранување на заканите по мирот и сузбивање на актите на агресија или други прекршувања на мирот (Глава VII)[61] и мирно решавање на меѓународните спорови или ситуации кои би можеле да доведат до нарушување на мирот (Глава VI). Мировните операции, според тоа, не се експлицитно предвидени во Повелбата, но е дадена можност за нивно формирање и испраќање во критичните области или области погодени со војната. Сепак, со повелба (Глава VIII) се предвидува дека Советот за безбедност на Обединетите нации може да одобри во регионалните организации (Организација за безбедност и соработка во Европа, Северноатлантската алијанса, Европската унија, Организацијата на африканското единство и други) да се преземат активности на планот за зачувување на мирот и безбедноста.

---

[60]Dulič D. Mirovne i humanitarne operacije, Fakultet bezbednosti, Beograd 2008, str. 134.

[61] Достапно на: http://www.un.org/Depts/dpko/ (16.04.2008).

### 3.3.1. Поим, класификации и основни карактеристики на мировните операции на Обединетите Нации

Под поимот мировни операции се подразбираат одредени видови на операции кои ги подготвуваат и изведуваат меѓународните сили на Обединетите нации, или други сили, со вистинскиот или потенцијалниот воен карактер.[62]

Најчесто тие се воспоставуваат од страна на Советот за безбедност, обично по барање или согласност од страните во конфликтот, со цел да се избегне потенцијалниот прекин или вистинскиот конфликт или криза и спаси и одржи мирот. Кога постои опасност од поголеми размери, или опасност за светскиот мир, тогаш тие сили можат да се испратат и без согласност на завојуваните страни. Но овие видови на операции не ги дале очекуваните резултати.[63] Во дефиницијата се наведува и согласноста на страните во конфликтот и задолжителна одлука на Советот за безбедност. Општо земено, со воспоставувањето на мировните операции треба да исполнат три значајни барања:

- да постои согласност на силите во конфликт;

- недостаток на принуда и

- непристрасност.[64]

Зависност од критериумите, мировните операции може да се класифицираат во различни групи.[65]

---

[62] Момчило Сакан, Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 3.

[63] Исто, стр. 4.

[64] Исто.

[65] Исто.

Вршејки проценка на околината во однос на операциите кои што се изведуваат и нивото на напорот, од 1948 година до денес, мировните операции може да се класифицираат во традиционални и мултидисциплинарни. Традиционалните операции, се главно операции за одржување на мирот (Шема 1).[66] Овој вид на операции ги преземаат неутрални сили, со целосна согласност на страните во конфликтот. Се организираат поради следните работи: следење и имплементација на постојните резолуции и договори кои се однесуваат на контрола на конфликтот (примирје, прекин на огнот, раздвојување на силите, итн) и преземање на дипломатски напори за изнаоѓање на мирно политичко решение за решавање на спорот. Тие најчесто се ограничени на поделбата на страните во конфликтот.[67]




Шема 1: Структура на традиционални мировни операции

Извор: Преземено од Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука.

[66] Момчило Сакан, Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 4.

[67] Исто.




Шема 2: Структура на комплексни (мултидимензионални) мировни операции. Извор: Преземено од Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука.

Мултидисциплинарните или комплексните мировните операции обично имаат мандат на спроведување на мирот во согласност со Глава VI и VII од Повелбата. Се организираат во непредвидливи услови. Организирањети и водењето на тие операции, делумно или целосно го изведуваат регионалните операции. При тоа, Обединетите нации често формираат привремена администрација која се грижи за политичкото и институционалното функционирање на властите на територијата. Регионалните организации, како што се ОБСЕ, НАТО, ЕУ, Организација на африканското единство и други, со преземање на безбедносни и воени активности во операциите.[68]

[68] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 5.

Примери за такви операции се: Повремената административна мисија на ОН во Косово - УНМИК и мисијата на Обединетите нации за помош во Авганистан – УНАМА. Според критериумите на целите и задачите кои треба да се реализираат, мировните операции се класифицираат на:- операции за спречавање на конфликти (conflict prevention), -операции за воспоставување на мирот (peace making), - операции за зачувување на мирот (peace keeping), - операции за наметнување на мирот (peace enforcement), и – посконфликтно градење на мирот (post-conflikt peace building).[69]




Шема 3: Видови на мировни операци

Извор: Преземено од Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука.

[69] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 5.

Операциите за спречување на конфликти се превентивни операции кои првенствено имаат дипломатски карактер и можност за воено ангажирање на силите. Спречувањето на конфликтите во основа треба да се придржува на мерките на рано предупедување, собирање на информации и внимателна анализа на факторите кои можат да допринесат или допринеле за појавување на конфликтот. [70]Тие опфакаат различни активности, а како најважни им се: зголемена улога на дипломатијата, превентивни распоредување на сили, рано предупредување, следење и надзор, обука и трансформација на безбедносниот сектор, санкции и ембарга. Обично се организираат со цел: воспоставување на факти, консултации, предупредувања, инспекции и следење. Превентивното распоредување на мировните сили и санкциите на Обединетите нации се најефикасните методи на овие операции.[71]

Операциите за воспоставување на мирот, се посебен тип на операции кои се организираат поради брзо прекинување на конфликтот и спроведување на мирот. Целта на овие мировни операции е доведување на меѓусебно разбирање по пат на преговори на завојуваните сили во конфликтот.[72] Обично опфакаат зголемени дипломатски активности по започнувањето на конфликтот и ангажирање на воени единици со цел да се разделат силите и воспоставување на контрола на територијата. Дипломатските активности можат да бидат различни. Најчесто е случај на медијација, помирување, дипломатска изолација, дипломатски притисок и санкции. Во дипломатските активности обично се вклучени поединци кои имаат авторитет и искуство во меѓународните односи. Понекогаш се

[70] Jakešević R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih nacija, Fakulteta političkih znanosti, Zagreb, 2011, str. 67.

[71] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 5.

[72] Jakešević R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih nacija, Fakulteta političkih znanosti, Zagreb, 2011, str. 68.

вклучува и Генералниот секретар на ОН лично како што, на пример, беше случај во Авганистан, Камбоџа, Кипар, Мозамбик и Намибија.[73]

Операциите за зачувување (одржување) на мирот се преземаат согласно со главата VI од Повелбата на ООН за имплентација на мировниот договор. Овие операции најчесто се организираат по добивањето на согласноста од сите страни во конфликтот. Ги реализираат специјални единици за доставување на хуманитарна помош на загрозеното население, здравствената заштита и намалување на човечкото страдање во целина. Главните активности се: преговори, посредување, арбитража со истовремено физичко распоредување на силите во загрозени подрачја поради задржување, ублажување и/или престанок на непријателствата меѓу државите или внатре во нив. Можни се и интервенции на меѓународните воени сили и цивилни структури како дополнување на политичкиот процес за решавање на конфликтот и поради обновување на работата на државните и политичките институции (заштита и надгледување на избори) и одржување на мирот. Целта на овие операции е стабилизирање на ситуацијата помеѓу завојуваните страни, а во нивните задачи може да се вклучи и: наблудување и следење на примирјето и прекин на огнот, раздвојување на силите во конфликтот, давање на помош во преодниот период (транзициона помош), разоружување и демобилизација.[74]

Операциите за наметнување (спроведување) на мирот[75] претставуваат таква врста на операции во кои првенствено се користат воените силите кои го загрозуваат мирот и претставуваат акт на агресија, поради враќање на мирот во областите на конфликт. За изведување на таквите операции, Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите

---

[73] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 5 и 6.

[74] Исто, стр. 6.

[75] Jonhston, N. Peace Support Operations, u: Inclusive Security, Sustainable Peace: A Toolkit for Advocacy and Action. Conflikt Prevention, Resolution and Reconstruction, Hunt Alternatives Fund and International Alert 2004, str. 33.

нации донесува одлука според глава VII од Повелбата. Најчести задачи во овие операции се следните:

- враќање на мирот,
- задржување на конфликтите во постоечките граници и оневозможување на нивно проширување,
- присилна поделба на завојуваните страни,
- воспоставување или заштита на "безбедносната зона",
- гаранции или одбивање на слобода на движење и
- заведување ембарго или затегнување на режимот на воведените санкции.[76]

Исто така воените сили можат да воведат и:

- ембарго за оружје,
- економски бојкот,
- забрана за летање на воени авиони, и
- формирање на Трибуналот за воени злосторства.[77]

Овие операции се изведуваат под покровителство на Советот за безбедност на Обединетите нации, кога сите други методи се неуспешни, а се проценува дека: -постои опасност по загрозувањето на мирот и безбедноста во одреден регион, постои нарушување на мирот и безбедноста на одреден простор и кога е започнат актот на агресија. Во тие операции, се користи голема воена сила, без согласност од завојуваните страни.[78]

---

[76] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 6.

[77] Исто.

[78] Исто, стр. 7.

Операциите за изградба (надградување) на миро се операции кои се преземаат после завршувањето на конфликтот поради опасноста од појавата на повторна ескалација на конфликтот и отстранување на основните причини и последиците на војната, зајакнување и зацврстување на постигнатото политичко решение, консолидација на мирот, јакнење на чувството на доверба и благосостојба и поддршка на економската реконструкција на земјата која била во конфликт. Основни задачи на овие сили се: формирање на преодна администрација, инспекција на оружје, обука на населението, спречување на распоредувањето на воените сили, принудена демобилизација и набавка, складирање и уништување на оружје. Овие типови на операции имаат постигнато значајни резултати на пример во Ел Салвадор, во Гватамела, во Либерија, во Босна и Херцеговина, во Сиера Леоне, во меѓудржавниот конфликт во Етиопија и Еритреја и во Источен Тимор.[79]

### 3.3.2. Значењето на мировните операции

Меѓународната заедница со воспоставувањето на мировните операции настојува да помогне помеѓу завојуваните страни во создавањето на услови за воспоставувањето и оддржувањето на мирот а со тоа и изградба на стабилни држави во светот. Во денешни услови, во светот постојано расте потребата од воспоставувањето на мировните операции. Во денешни услови воспоставувањето на мировните операции станува се потешка и сложена активност. Најважни подрачја на дејствување на мировните операции се сигурност во воспоставувањето, нивно развивање и одржување и владеење на правото.[80]

Во текот на извршувањето на мировните операции се појавуваат голем број на проблеми. За успешно реализирање на мисиите и операциите

[79] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 7.

[80] http://www.mvep.hr/hr/vanjska-politika/multilateralni-odnosi0/mir-i-sigurnost/mirovne-misije/

за одржување на мирот потребно е да се предвидат широк спектар на задачи. Но тука треба да се истакне дека само воените единици не се во можност да ги реализираат задачите. Затоа постои интегрирано дејствување на воените единици со цивилните структури во сите фази на кризата – од спречувањето на конфликтот па се до пост-конфликтните активности кои се преземаат во изградбата и стабилизирањето на државата. Во таа смисла, државите кои учествуваат во мировните операции зависно од нивниот мандат, имаат различен спектар на дејствување во облик на воено, цивилно, хуминатарно и развојно ангажирање.

Со учеството во мировните операции се зголемува и угледот на државата во националните граници. Тоа најдобро го реализира и нашата држава.

Мировните операции на Обединетите нации претставуваат централен елемент на меѓународното реагирање на конфликтните ситуации во државите и помеѓу нив.[81] Со воспоставувањето на мировните операции се обезбедува основната безбедност на милиони луѓе, како и кревкото функционирање на институциите во времето по завршувањето на конфликтот. Мировните сили се распоредуваат во области кои што се зафатени од конфликтот, каде што никој друг не е подготвен или способен да го спречи конфликтот и понатамошната ескалација на конфликтот. Меѓународниот пријателски карактер на Советот за безбедност, со која се одобрува мировните мисии, дава полн легитимитет на таквите мисии.

Од првата мировна мисија која е воспоставена во мај 1948 година до денес, ОН имале вкупно 64 операции за зачувување на мировни операции.[82]

[81] Jakešević R. Mirovne misije ujedinjenih nacija nakon hladnog rata, Fakulteta političkih znanosti, Zagreb, 2011, str. 378.

[82] http://www.un.org/en/peacekeeping/documents/operationslist.pdf.

### 3.3.3. Воспоставување на мировните операции

За формирање на мировните операции и нивното испраќање во кризниот регион, најпрво е потребно да постои согласнос од државата во која се испраќаат да дејствуваат и од државата која учествува со воен персонал. Значи нивното воспоставување ке започне откако ке се добие согласност од државата на чија територија ке се извршуваат. Од нивното воспоставување најчесто воведено е временско ограничување од шест месеци до една година поради можни промени во самата држава. Доколку и по истекот на овој период и понатаму постојат конфликти и тензии во самата држава во која се интервенира, тогаш на државата и се дава можност повторно да ја потврди согласноста за продолжување на мировните операции.[83]

Тука треба да се истакне како специфичен проблем е непотпишувањето на согласност од државата во која има конфликти а претставува сериозна закана за нејзината безбедност и безбедноста во поширокиот регион.

Од досегашното искуство на ОН, можам да истакнам дека мировните операции може да се воспостават со одлука на "Советот за безбедност".[84]

Мировните операции можат да се воспостават на:

- барање на земја-членка на Советот за безбедност на Обединетите Нации,
- иницијатива на земја-учесничка во конфликтот,
- на барање на некоја земја-членка на Обединетите Нации и
- на иницијатива на генералниот секретар. Но конечната одлука за воспоставување ја донесува Советот за безбедност.[85]

---

[83] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 3.

[84] Vajič N. Od koncepta kolektivne sigurnosti do mirovnih operacija Ujedinjenih naroda - i natrag?, Zbornik PFZ, 1996, str. 545.

Советот за безбедност претставува тело кое треба да процени дали има појава на опасност по мирот, односно загрозување на мирот или чин на агресија (чл. 39 од Повелбата). Советот за безбедност е должен да ги повика завојуваните страни и да ги предупреди да не влегуваат во вооружени конфликти, и ги презема сите мерки за решавање на конфликтот. Државите членки на ОН и сите регионални организации не се овластени да ги употребат своите сили, освен во колективните акции, но со согласност на Советот за безбедност (чл. 42 од Повелбата), или во случај на самоодбрана. На иницијатива на малите држави усвоен е чл. 51 од Повелбата, со цел да се осигура правото на заедничката самоодбрана. Така во тој член е пропишано дека Советот за безбедност може да ги презема сите мерки за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Во случај на агресија на држава членка на ОН, тогаш таа може да презема самоодбрана без чекање на акција од ОН, со тоа што државата е должна да го извести Советот за безбедност за мерките што планира да ги презема. Во овој случај кај останатите членки често доага до противење. Секое друго користење на сила и од регионалните организации, мора да постои согласност од Советот за безбедност.[86] Големите сили имаат сила да ја креираат политиката на ОН, па се тврди дека ОН се нивни инструмент „како покритие при реализирањето на нивните себични интереси и планови".[87] За воспоставување на мировните операции треба да гласаат девет од петнаесет држави членки на Советот за безбедност, од кои пет гласови треба да бидат на постојаните членки. Секоја од постојаните членки има право на вето. Оттука може да се согледа доминантната позиција на големите сили и нивната повластена положба во однос на одлучувањето.

Мировните операции на Организацијата на Обединетите нации ги водат:

---

[85] United Nations Peacekeeping-Meeting New Challenges: Frequently Asked Questions, United Nations Department of Public Information, DPI/2350/Rev. 2, 2006, str.8-10.

[86] Постојани членки на советот за безбедност се: САД, Русија, Англија, Франција и Кина.

[87] Milisič S. Srebrenica kao posljedica odnosa i djelovanja Međunarodne zajednice spram Bosne I Hercegovine" Časopis Fakulteta humanističkih nauka, Mostar, 2006, str. 91.

- генералниот секретар;

- Секретаријатот и

- тела на Секретаријатот и тоа: Одделение за операции за чување на мирот, Одделение за политички работи и Одделение за оперативен дел.[88]

Големите сили се единствени само во едно размислување, а тоа е само со слабеење на идеологијата на САД и Русија, тие покажуваат интерес за зацврстување на улогата на ООН.[89]

### 3.3.4. Задачи на мировните операции

Вооружените конфликти постојано се менуваат. Начините на војување исто така претрпуваат измени. Од почетокот на нивната примена, мировните операции во голема мера еволуираат во усогласеноста со промените на условите во кои конфликтите се случуваат, но и поради зголеменото искуство кое ги охрабрува од научените лекции од направените грешки во историјата.[90]

Сите предизвици кои произлегуваат од вооружените конфликти, претставуваат нови задачи за меѓународните организации и за персоналот кој е вклучен во нив.

Најчести задачи се:

- поддршка во создавањето на мирот и политички преговори;
- обезбедување;
- набљудување и надгледување;

[88] Митревска М. Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски факултет, Скопје, 2010, стр. 160 и 161.

[89] Vukadinovič R. Međunarodni politički odnosi, Barbat, Zagreb, 1998, str. 246

[90] Diehl, P.F., Peace Operations, Polity Press, Cambridge, 2008. str.3.

- раздвојување;
- превентивно распопредување;
- разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци;
- разминирање;
- спроведување на санкции;
- реформа на безбедносниот сектор и обука;
- враќање и одржување на законите и редот;
- надгледување по почитувањето на човековите права;
- поддршка во почитувањето на хуминатарните активности и
- заштита на цивилите.[91]

За разлика од класичните војни, мировните операции често се реализираат во населени места со точно неодреден непријател. Најчесто припадниците на мировните мисии се судруваат со терористи, бунтовници или криминални групи кои се неорганизирани и помешани со локалното население. Често пати и од самото локално население, припадниците на мировните операции се изложени на закани. На тој начин задачите се реализираат во опкружување и во сложени и непредвидливи услови каде што класичните начини на војување и примената на голема огнена моќ е невозможна.

Конечниот успех во мировните операции не е некоја страна во вооружениот конфликт да се победи, туку да се постигне примирје кое најчесто неможе да се воспостави само со воените активности. Целта е што повеќе да се избегнува употребата на сила и да се воспоставува примерје помеѓу завојуваните страни.

[91] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 8.

Затоа најчесто се употребуваат дипломатските и политичките активности кои тежнеат да допринесат за воспоставување на мирот.

Ненасилната примена на воените способности, како резултат на цивилно-воените информациски и психолошки операции, може да биде многу значајно.[92]

Но при нивното реализирање досега, постојат поголем број на недостатоци на меѓународните организации, кои резултираат со огромни човечки загуби и материјални штети.[93]

Затоа во меѓународните организации почнува постепено да се преземаат мерки и конкретни препораки за надминување на воочените слабости. Сепак, најзначајна способност која ОН, спрема препораките од извештајот, треба да ја применат е способноста за преместување на силите, доколку се сака да се постигне успех во мировните операции и да се постигне атмосфера за успешно градење на мирот. Имплементацијата на препораките во основа опфака три клучни фактори:

- постоење на политичка желба,
- способност за брзо разместување со силен состав на сили и
- здрава стратегија за изградба на мирот.[94]

Сите држави-учеснички тежнеат да придонесат во квалитетот на реализирањето на мировните операции.

---

[92] FM 100-23, Peace Operations, Headquarters Department of the Army, Washington DC, 30 December, 1994, str. V. Достапно на: www.dtic.mil/doctrine/jel/service_pubs/fm100_23.pdf

[93] Случувањата во Руанда во 1994 година, кои поради инертноста во администрацијата, бавната реакција и слабостите на расположивите мерки и механизми доведува до геноцид.

[94] Jakešević R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih Nacija, Fakultet političkih znanosti Sveučilišta, Zagreb, 2011, str. 88.

### 3.3.5. Организациско функционирање на Обединетите Нации при донесување на одлука за воспоставување на мировните операции

Во воспоставувањето на мировните операции, Советот за безбедност има главна улога и одговорност. Тој ги донесува резолуциите, а генералниот секретар на Обединетите нации и Секретаријатот се надлежни за надгледување и управување со операциите. Во составот на Секретеријатот се наога и Департман за мировните мисии на Обединетите нации.[95]

Департмантот за мировните операции на Обединетите нации одговорен е за непосредно планирање, подготовка и изведувањето на мировните операции. Состои се од следните операциони целини:

- Оперативна команда со три одделениа (за Европа и Латинска Америка, за Азија и Блиски исток, за Африка) и оперативен центар
- Одделение за воени работи (состои се од следните служби: за планирање на сили, за формирање на сили, за војни операции кои се актуелни и за обука и посредување),
- Одделение за цивилна полиција,
- Канцеларија за поддршка на мисијата (одделение за админастративна подршка и одделение за логистичка поддршка),
- Служба за разминирање и
- Одделение за собирање на искуства.[96]

Оперативната команда одговорна е за ангажирање на воените сили во мировните операции.[97]

Одделението за воени работи има советодавна улога во врска со планирањето и формирањето на силите, нивното ангажирање, помош во обуката и изработка на упатсвото за ангажирање во операциите.[98]

---

[95] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. 7.

[96] Исто стр. 8.

[97] Исто.

[98] Исто.

Одделение за цивилна полиција, одговорно е за ангажирање на полициските сили при реализација на задачите: патролирање, обука на полициските единици на земјата домакин, советување на локалните полициски служби, обезбедување во почитување на човековите права и друго[99].

Канцеларијата за поддршка на мисијата го обезбедува потребниот персонал и опрема за успешно реализирање на мировната операција. Она може да обезбеди и логистичка и админастративна поддршка, политичка или хуманитарна мисија, и да ги контролира одобрените финансиски средства.

Службата за деминирање ги кординира активностите во врска со отклонувањето на мините и минските полиња.[100]

Одделение за собирање на искуства ги средува и систематизира искуствата од мировните операции и истите ги враќа до раководството на мировните операции.[101]

### 3.3.6. Мировните операции во 21 век

Мировните операции се распространети во сите делови на светот. Во зависност од нивната цел на воспоставување, тие нудат разни начини на решавање на воените конфликти и граѓанските војни. Зголемениот број на конфликти денес, резултира со зголемување на бројот на мировните операции, така што во 2012 година бројот на мировните мисии достигнува рекорд од вкупно 160, вклучувајќи тимови и сили на ОН, НАТО, ЕУ и Афричката унија.[102] Од достигнатиот рекорд на мировните операции, може

---

[99] Сакан М. Мировне операције Уједињених нација, Факултет политичких наука, Бања Лука, стр. стр.8.

[100] Исто.

[101] Исто.

[102] Објавено во студијата „Мировните операции во 21 век", студија на Американскиот институт за мир во Вашингтон.

да се констатира дека поголем број од нив се успешно реализирани, но има и проблеми кои се појавуваат за периодот на нивноте реализирање. Сето ова дава повод за аналитичарите на мировните мисии, да ги проучуваат и анализираат факторите кои допринесуваат за успех на мисиите, како и оние фактори кои доведуваат до застој и неуспех.

Pol Sters (Пол Стерс) од Институтот за мир во Вашингтон во студијата „Мировните операции во 21 век"[103]истакнува:

„На почетокот од работата на студијата се сретнавме со парадоксот – потреба од мировните операции на ОН, наспроти скептицизмот, па се до отвореното спротивставување, дека иститe се премногу."

Sters проценува дека со зголемувањето на безбедносните проблеми, се зголемува и бројот на мировните сили кои учествуваат во мировните операции, распоредени по сите делови од светот. Денес тој пораст е повисок и до 50%.[104]

Техничката опременост претставува доминантна карактеристика на мировните сили и тимови за брза реакција. Имено, за совладување на отпорот на побунетите групи во ризични услови, потребно е опремување со најсовремена борбена опрема. Но и тоа не е доволен показател дека мирот ќе биде неизбежен.

Современите мировни операции значајно се разликуваат од традиционалните – по својот етникос и техниката, по опсегот и видовите. Наназад,и во минатото воспоставениот принцип дека силата може да се употреби единствено во самоодбрана, истиот не издржал во текот на времето и претпрпел многу измени во пресрет на новиот спектар на задачи

[103] „Мировните операции во 21 век", студија на Америчкиот институт во Вашингтон, која посебно ги проучувала резултатите од шест мировни мисии – од БиХ, на Косово,, во Источен Тимор, Конго, Сиера Леоне и Авганистан.

[104] Објавено во студијата „Мировните операции во 21 век", студија на Американскиот институт за мир во Вашингтон.

кои се доделени на мировните операции. Оттука, денес се вклучува и одбрана на мандатот на мисијата.[105]

Vilijam Derc (Вилијам Дерч), уредник на студијата „Мировните операции во 21 век“ истакнува:„Некои од лекциите се – како прво најважно е кој ја има силата на теренот, како таа сила е организирана и за чиј интерес. Потоа, мировните сили мораат да бидат доволно силни за да се спротивстават на оние кои се спротивставуваат на мирот. Но исто така, без разлика колку мировните сили се силни, тие не можат со употреба на оружје да го наметнат одржувањето на мирот.“

Karlos Paskual (Карлос Паскуал), потпреседател и директор за надворешнополитички студии на Вашингтонскиот институт „Brukings“[106], истакнува:

„Од мировните мисии не можете да посакате со оружје да го воспостават одржувањето на мирот. Мора да постои некој вид на политичко решение“.[107]

Оттука може да се заклучи дека употребата на сила во мировните операции никогаш нема да биде ефикасна доколку не постои прелименарен политички договор или некој вид на примирје.

Обединетите Нации располагаат со буџет од пет и пол милијарди долари годишно наменети за мировните операции по целиот свет.[108] Меѓутоа, експертите во Институтот за мир[109] истакнуваат дека ова сума не е доволна за потребите за помош на меѓународната заедница во решавањето на проблемите во целиот свет.

---

[105] Dulič D. Mirovne I huminatarne operacije, Fakultet Bezbednosti,Beograd, 2008. str. 18.

[106] Објавено во студијата „Мировните операции во 21 век“, студија на Американскиот институт за мир во Вашингтон.

[107] Исто.

[108] Исто.

[109] Институтот за мир се наоѓа во Вашингтон.

Денес мировните операции можат да се опишат како:

- мултилатерални – кога во нив можат да учествуваат две или повеќе завојувани страни, мировни сили, ОН, други меѓународни организации а исклучително и поедини држави кои се надвор од рамките на дејствување на ОН;[110]

- повекедимензионални – кога се присутни на најразлични видови на дејствување. Улогата на воените сили се сведува на помошна улога (овозможување на безбедност за дејствување на останатите состави од мировните сили). Додека пак, главната улога се повеке ја преземаат цивилните состави од мировните сили (полиција, представници на меѓународните организации – ОН, Црвениот крст, меѓународните невладини организации и сл.). Станува збор за големи и сложени мисии со воени, полициски и хуминатарни задачи како и задачи кои се поврзани со избеглички и изборни прашања и прашања за човековите права;[111]

- повеќенационални и мултикултурални – воените и цивилните состави на мировните сили доагаат од поголем број на држави на секоја членка на ОН кои се ангажирани во некоја од мисиите донесуваат свој и единствен начин на дејствување (заснован на различните политички и културни особини), а тоа значи дека постојат и различни погледи и начини на дејствување при прекин и разрешување на конфликтот.[112]

---

[110] Primorac I. "Mirovne misije ujedinjenih naroda I iskustvo na jugoistoku Europe", Filozofski fakultet, 2011godina, Mostar, str.363.

[111] Исто.

[112] Исто.

## 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Еволуцијата на мировните операции започнува од почетокот на нивната примена во најширок дел во согласност со промената на условите во кои конфликтите се одвиваат, но и поради зголеменото искуство од кои потекнуваат научените лекции од направените грешки од историјата.[113]

По својата намена, мировните операции претставуваат неутрални акции, без наклонување кон една од завојуваните страни. При реализирањето на задачите треба од целокупниот персонал да се води постојана грижа да се дојде до крајниот резултат на мисијата, но и да не се дозволи мешање во внатрешните работи во државата во која се интервенира. Нема овластување за користење на сила од припадниците во мировните операции, освен ако директно е загрозен нивниот живот.

Мировните операции претставуваат техника на намалување на тензиите и во суштина претставуваат импровизирано средство на прагматична дипломатија, умешност на непровокативно одвраќање, интелектуален предизвик, без победници и победени.[114]

Бидејки улогата на мировните операции е воспоставување и одржување на мирот, тие се разликуваат од борбените операции. Најчесто задачите ги извршуваат како набљудување, помош на населението во регионот на конфликтот, следење на состојбата на теренот и однесувањето на завојуваните страни, давање на помош на населението во храна и лекови.[115] Од самите активности што ги реализираат, произлегува дека тие немаат офанзивен карактер, а со тоа не треба да се реализираат и присилни

[113] Diehl, P. F., Peace Operations, Polity Press, Cambridge, 2008, str. 3.

[114] Franič D. Mirovne operacije UN-a, Ministarstvo obrane Republike Hrvatske, Uprava za nakladnistvo, Zagreb, 2000., str. 27.

[115] Dulič D. Mirovne I huminatarne operacije, Fakultet Bezbednosti,Beograd, 2008. str. 100.

акции. Од ова произлегува дека припадниците во мировните операции треба да се наоружани со лесно вооружување и поедноставна опрема. [116]

Денешниот период е посебно интензивен во поглед на општите општествени, политички, економски и безбедносни движења, а тоа посебно е важно за укажување на некои од перспективите за развој на идните мировни операции.[117] При анализирање на нивните карактеристики во предвид треба да се земаат бројот на мировните операции кои се преземаат на одредена територија, временскиот период за кој треба да се реализираат, големината на територијата и условите во кои се реализираат. Во иста држава може да се реализираат повеке мировни операции, а сето тоа влијае на нивниот карактер. На припадниците во мировните операции можат да им се доделат најразлични задачи кои во повеке ситуции можат да бидат сложени за реализирање. Сите припадници треба добро да бидат запознаени со динамиката на реализирањето на задачите и активностите што треба да ги реализираат во самата операција.

По неуспехот на мировната операција во Сомалија, преовладувало размислувањето дека мировните операции ке се намалат, или како еден аналитичар забележува „Изгледа дека е завршена ерата по Студената војна на големите повекекомпонентни мисии, кои по своја суштина се наменети за изградба на нацијата“.[118]

Бројот на мировните операции во светот е во постојан пораст. Во текот на првите 40 години констатирани се 13 операции за одржување на мирот, во период од 7 години – помеѓу 1998 и 1994 година, кога мировните операции го имаат достигнато максиумот, воспоставени се 22 нови операции. Кон крајот на 1994 година воспоставени се 17 операции на теренот, со вкупно 70.000 комбиниран персонал од 77 држави. Од 1999 до 2005 година, бројот на распоредените сили во мисиите на ОН во целиот свет е зголемен од 12.700

[116] Jakesevič R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih Nacija, Fakulteta politickih znanosti Sveučilista, Zagreb, 2011, str. 74

[117] Исто стр. 86.

[118] FindlaT. „Armed Conflikt Prevention, Management and Resolution", SIPRI Yearbook 1997, str. 66.

на 60200.[119] Сепак голем е бројот на припадниците кои имаат големо искуство во мировните операции. Во текот на 2006 година имало повеке од 40 операции за одржување на мирот, вклучувајки ги оние во регионот на Дарфур, Судан, Авганистан, Хаити, Демократската Република Конго, и во области од Источниот Тимор.[120]

Во војните во кои што завојуваните страни лесно се идентифкуваат, начините на изведување на борбените дејства се поедноставни, за разлика од активностите и задачите кои ги реализираат припадниците во мировните операции. Во мировните операции најчесто активностите се одвиваат во окружување и без јасно дефиниран непријател кој најчесто се претставува како обичен човек. Сето тоа негативно влијае врз припадниците а и врз конечниот успех на самите операции. Поврзувањето на борбените дејства во самите операции претставува потешкотија, која се чуствува кај сите учесници[121].

Во денешните мировни операции би ја истакнал големата поврзаност помеѓу нив и политичките сили кои најчесто одлучуваат врз конечниот успех во операциите. Припадниците од мировните операции се добро наоружани со најсовремени средства, за разлика од нив, на спротивната страна се наидува на слабо наоружани припадници, недоволно организирани, кои се најчесто терористи или припадници на различни криминални групи, но кои најчесто се спремни на самоубиствени напади.[122] Таквите припадници најчесто се поврзани со цивилното население, што претставува потешкотија во нивното откривање. Од ова може да се заклучи дека класичните начини на војување не можат да се применуваат а со тоа припадниците често не се во можност да го употребуваат своето модерно оружје. Се повеќе доаѓа до

---

[119] Ian Johnostone, Bruce D. Jones and Richard Gowan, „Annual Review of Global Peace Operations: Brieting Paper", Center of internacional Cooperation, 2006, str. 2-3.

[120] Govan, Richard, and Ian Johnstone, „New Challenges for Peacekeeping: Protection, Peacebuilding and the „War on Terror", Coping with Crisis, Working Paper Series, International Peace Academy, March, 2007, str. 1-3.

[121] Jakesevič R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih Nacija, Fakulteta politickih znanosti Sveučilista, Zagreb, 2011, str. 86.

[122] Талибанците во Авганистан.

ненасилна примена на воените капацитети, наспроти на цивилно-воените информациски и психолошки операции, кои можат да бидат многу поважни.[123] Употребата на сила станува се повеке неприменливо средство. Во такви околности преговорите се најчестата метода која се применува до окончувањето на конечниот мир. Така мировните операции треба да создадат услови за воспоставување и реализирање на политичките и дипломатските активности. Воените активности се поврзани со дипломатските напори во постигнувањето на конечните политички цели.

Важна карактеристика претставува и постојаната задача за заштита над цивилното население. На територијата на земјата домаќин, секогаш треба да има добра соработка со цивилното население. Тие треба да бидат прифатени како миротворци и градители на мирот, кои сите го посакуваат. На тој начин тие ќе имаат целосна поддршка од локалното население, која им е неопходна. За добра соработка со локалното население пожелно е да имаат познавање од нивниот службен јазик, нивната култура, обичаите и традициите. Постојат и бројни примери на негативно однесување од самите припадници, каде последиците ги чуствува најмногу недолжното население. Тоа посебно беше карактеристично во конфликтите кои се појавија по завршувањето на Студената војна а и се повеќе е актуелно во земјите од Блискиот и Средниот исток како и на Афричкиот континент.[124]

Како пример ќе ја спомнам мировната операција на ОН формирана во 1993 година, на подрачјето на Хаити, UNMIH.[125] Одредени поединци од ова мировна операција често се критикувани за недозволено насилство и злосторство врз граѓаните на Хаити. Во воениот напад во Cite Soleil во 2005 година, врз водач на криминална банда и соработници[126] убиени се 30 лица од кои 20 жени и 1 дете. Исто така внимание заслужува и мировната

[123] FM 100-23, Peace Operations, Haedquarters Department of the Army, Washington DC, 30 December 1994, str. V. Dostupno na: www.dtic.mil/doctrine/jel/service_pubs/fm100_23.pdf (12. 12. 2008.)

[124] Геноцидот во Руанда.

[125] United Nations Mission in Haiti (UNMIH).

[126] Halling, M., Bookey, B., " Peacekeeping in Name Alone: Accountability for the UN in Haiti ", Hastings intl g, Comp. L. Rev. 31, 2008, str. 464.

операција UNAMID во Судан, формирана во 2007 година, каде што припадниците се критикувани за прекумерно насилство врз цивилното население и голем број на случаеви на силување. Од начинот на однесување на припадниците во мировните операции, можеби ќе се извлече погрешен заклучок, дека тие се ограничени во реализирањето на задачите. Но за успешноста во реализирањето на мировната операција придонесуваат и други фактори, кои се составен дел на мировните операции, и тоа: - самото физичко присуство на припадниците на терен, - можноста за користење на огнено оружје, иако тоа е во неопходни случаеви, - авторитетот на организацијата под која се реализираат мировните операции и – политичкиот притисок на големите држави[127].

Најголеми носители на мировните операции се ОН. Според тоа државите членки мора повеќе да се наклонети кон нив. Бидејќи конечните одлуки ги донесува Советот за безбедност на чело со генералниот секретар, тој мора да има силна, постојана и јасна подршка од државите-членки. Тука често доаѓа до спротивставени и поделени мислења помеѓу постојаните членки на Советот за безбедност на ОН.[128] Големите сили имаат сила да ја создаваат политиката на ОН, што е постигнато и со Повелбата, па се тврди дека големите сили претставуваат инструмент на ОН „како покритие при реализирањето на нивните себични интереси и планови".[129]

Имплементацијата на препораките за мировните операции за подобрување на нивниот квалитет а со тоа и постигнување на нивната цел, се потпира на три клучни фактори:

- постоење на политичка желба,
- способност за брзо преместуваење на теренот со силни состави на сили, и

[127] Abusara A. Bezbednost Zapadnog Balkana, Multinacionalne operacije, Beograd, mart 2010, str. 17.

[128] Последен пример е противењето на Русија и Кина за воена интервенција во Сирија.

[129] Milisič S. „Srebrenica kao posljedica odnosa i djelovanja Međunarodne zajednice spram Bosne I Hercegovine", Časopis Fakulteta humanističkih nauka, Mostar, 2006, str. 91

- постоење на цврста стратегија за градење на мирот.[130]

## 4.1. Проблеми при реализирањето на мировните операции

Со зголемувањето на бројот на мировните операции, доаѓа и до зголемување на проблемите при нивното реализирање. Како најважни проблеми се:

- обезбедување на потребен персонал;
- обезбедување на потребните финансиски средства;
- нерамнотежата во придонесот на земјите-учеснички во мировните операции;
- обезбедување на соодветна обука според условите на теренот и опремата адекватна за самиот вид на операцијата; и
- недостаток на согласност за нивното спроведување.[131]

### 4.1.1. Обезбедување на потребен персонал за мировни операции

Во државите членки на ОН, а и во оние кои не се, се повеќе се спомнуваат сили за одржување на мирот. Голем е бројот на припадници кои имаат учествувано во мировните операции низ целиот свет. За жал многу од нив ги загубија и своите животи.[132]

И понатаму како примарна карактеристика на мировните мисии остануваат воените сили, но денес се повеќе се вклучени и невоените сили

[130] Jakesevič R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih Nacija, Fakulteta političkih znanosti Sveučilista, Zagreb, 2011, се спомнуваат str. 88.

[131] Dulič D. Mirovne I huminatarne operacije, Fakultet Bezbednosti,Beograd, 2008. str. 185.

[132] На 12.01.2010 година од разорен земјотрес на Хаити, погинеле 96 припадници од силите на ОН, кои се наогала во мировна операција во таа држава.

од админастративни, економски и правни специјалности, па се до специјалности во подрачјето на разминирањето, надгледување на регуларностите на изборите, заштита на човековите права, хуминатарни работници и стручњаци во комуникациите и јавното информирање.[133]

Во подготвителниот период персоналот треба да се подготви за реализирање на најсложени задачи и во најкритичните региони во светот. Моментално во најсложената мировна операција „ИСАФ“ во Авганистан, постојано страдаат припадници на мировните операции, што претставува отежнувачка околност при одлучувањето на персоналот за негово учество[134].

### 4.1.2. Обезбедување на потребните финансиски средства за мировните операции

Како најголем проблем кој се појавува пред упатувањето на припадниците во мировните операции е нивното финансирање[135], како и финансиските средства кои се неопходни за борбена опрема и останатата техника која ке се користи. Досега мировните операции се финансираат од државите – членки на организацијата со посебни сметки, државите учеснички и од доброволни прилози. Токму затоа во мировните операции, главни носители секогаш се водечките економски држави. Често се појавува проблем од помалите и економски слаби држави, кои нередовно ги подмируваат своите финансиски проблеми. Но поддршката од помоќните држави никогаш не изостанува. Затоа секоја држава учесничка си прави свои финансиски проценки и предлага колкави се нејзините можности во

[133] Jakesevič R. Hrvatska i mirovne misije Ujedinjenih Nacija, Fakulteta političkih znanosti Sveučilista, Zagreb, 2011, се спомнуваат str. 57.

[134] Според институтот „Брукингс" во Авганистан досега има загинато 2000 Американски војници и 1000 војници на другите држави во „Исаф" мисијата. Достапно на: http://denesen.mk/web/2012/10/01/vo-avganistan-dosega-zaginale-2000-amerikanski-vojnici/.

[135] Геро Ж. М. смета дека операциите на Организацијата за поддршка на мирот во различни места во светот треба да бидат адекватно финансирани и екипирани и ја критикува практиката на ОН да даваат одобрување за мисиите и да настојуваат за нивно распоредување пред тие да бидат целосно обезбедени материјално.

мировните операции. Но за економски посиромашните држави, овој проблем не е така едноставан, бидејки во услови на светска економска криза, претставува дополнително оптоварување за секоја поединечно.

Континуираното зголемување на персоналот во мировните операции, предизвикува сериозни проблеми во неопходниот персонал и борбената опрема која е потребна, а сето тоа влијае на зголемувањето на потребните финансиски средства. Со тоа доаѓа до зголемување на буџетот кој што е потребен за реализирањето на мировните операции, и на тој начин тоа претставува се поголем проблем на сите земји – учеснички, кои понекогаш го доведуваат во прашање продолжувањето на веќе започнатите мировни операции. Често пати и големите сили не се во можност да ги издржаат финансиските трошоци. Така САД придонесуваат околу 26% од буџетот наменет за операциите на ОН, додека комбинираниот придонес на државите од Европа претставува приближно 43%.[136]За Република Македонија учеството во мировните операции исто така претставува дополнителен проблем околу обезбедувањето на потребните финансиски средства.[137]

### 4.1.3. Нерамнотежа во приндонесот на земјите членки на Обединетите Нации во мировните операции

Според големината на населението, земјите кои учествуваат во мировните операции, не се подеднакво застапени. Земјите во развој доминираат во мировните операции на ОН спорот бројот на жители. Така државите членки на Европската Унија приндонесуваат со оклу 10%, додека САД учествуваат со 1% на луѓе распоредени во мисиите на ОН.[138] Земјите во развој поради финансиските проблеми потешко доаѓаат до современа

[136] Германија допринесува со 9%, Англија со 8%, Франција со 7%, Италија со 5%, Шпанија со 3%, Холандија со 2%, додека Белгија, Шведска, Австрија, Норвешка и Данска со по 1% за секоја посебно.

[137] Финансиските трошоци за мисиите во НАТО изнесуваат 120 милиони евра. Објавено за Southeast European Times во Скопје на 29.05.2012 година.

[138] Dulič D. Mirovne I huminatarne operacije, Fakultet Bezbednosti,Beograd, 2008. str. 187.

опрема, вооружување а со тоа и потребната обука на персоналот е намалена. Оттука ова се клучни причини кои влијаат на квалитетот на воспоставувањето на мировните операции, бидејќи во денешни услови од нив се бара да имаат значајни оперативни способности за брзо распоредување, тактички да бидат мобилни и други перфоманси.

### 4.1.4. Обезбедување на соодветна обука и опрема

Обезбедувањето на потребната опрема и подготвувањето на припадниците според ситуацијата на теренот во денешни услови претставува се посериозен проблем во реализирањето на мировните операции. Бидејки ОН немаат своја борбена опрема, туку при реализирањето на задачите секоја држава учествува со својата сопствена опрема. Тука се појавува проблем, затоа што кај повеќето држави кои учествуваат во мировните операции, се слабо економски развиени, и опремата која тие ја користат е застарена и неадекватна според ситуацијата на теренот. Во таквата ситуација често се наметнува потребата да Секретаријатот на ОН мора да бара други држави кои имаат адекватна опрема и со истата обезбедат соодветна обука според наметнатата ситуација на теренот каде што ке се ангажираат. Од сето тоа произлегува и најголемиот проблем – застои и одложување на распоредувањето на мировните сили. Потешкотии се појавуваат и во комбинираните акции кои се спроведуваат од повеке армии, кои имаат најразновидна борбена опрема. Затоа во повекето армии, стекнатите искуства и научените лекции ги применуваат во обуката со своите припадници пред заминување на територииte во кризните региони.

### 4.1.5. Недостаток на согласност од водечките држави за мировните операции

За реализирање на мировните операции, недостатокот на согласност од водечките држави, најчесто претставува проблем. Најчесто тие имаат

спротивставени мислења[139] кои придонесуваат кон зголемување на временскиот период за интервенирање во одредена држава. Сето тоа придонесува кон зголемување на цивилните жртви а понекогаш и задоцнетата интервенција придонесува кон неуспешна мировна операција. Додека пак, една од спротивставените страни сака да се воспостави мировна операција, другата спротивставена страна е сојузник со бунтовничките групи и ги помага. На тој начин уште повеке се влошува состојбата во самата држава. Најчесто несогласувањата се од економски и политички карактер. И во иднина ке постојат истите кои претставуваат сериозен проблем пред меѓународните организаци

## 5. МИСИЈА „ИСАФ“

### 5.1. Безбедносната ситуација во Исламската Република Авганистан

Во конфликтот во Авганистан вклучени се Авганистанската национална Армија (АНА), Авганистанската национална Полиција (АНП) и меѓународните коалициски сили од едната страна, а од другата страна се талибанците и припадниците на организацијата Hezbi Islami кои се предводени од Gull-buddin Hekmatyar и Исламското движење на Узбекистан.

Во Авганистан постојат две меѓународни мисии: „ИСАФ" мисијата (International Security Assistance Force) на Меѓународните коалициски сили која е под командата на НАТО и независната мисија на Армијата на САД собрани во рамките на операцијата Enduring Freedom – „Постојана слобода".

[139] Соединетите Американски Држави и Русија и Кина имаат спротивставени мислења за воена интервенција во Сирија. Русија и Кина гласаа против нацрт-резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите Нации. Достапно на: http://www.mkd.mk/11490/svet/rusija-kina-veto.

Изминатата година Армијата на Авганистан броела околу 195000 војници, додека полицијата на Авганистан имала броела околу 157000 полицајци.[140]

Во Авганистан во истиот период се наогале околу 130000 војници во рамките на "ИСАФ" мисијата, од кои околу 90000 војници се припадници на Армијата на САД. Во рамките на операцијата "Постојана слобода" во Авганистан се наоѓаат околу 30000 војници.[141]

Од ова може да се заклучи дека учествуваат голем број на припадници во мировните операции и дека ова е најтешка и најсложена мировна операција. Бројот на инцидентите постојано се менува и изминатата година е забележана за околу 14% помалку во однос на 2011 година и изнесувал 4800 инциденти. Но тоа не значи дека ситуацијата во Авганистан се подобрува, бидејќи и понатаму во земјата има голем број на инциденти.[142]

Најмногу инциденти изминатата година, околу 70% од вкупниот број е забележано во јужните, југоисточните и источните провинции на Авганистан. Тие провинции се под влијание на талибанците. Порастот на инцидентите во јужните провинции се должи на зголеменото дејствување на бунтовничките групи и е најголем во Кандахар и кој заедно со Хелманд претставуваат регион со најголем број на самоубиствени напади. Во источните провинции на Авганистан, најголем број на самоубиствени напади е забележано во Нангахар. Зголемување на инцидентите е забележано и во Лагхман на исток, Фарах на запад, како и во провинциите Кунар, Логар, Вардак и Фариаб. Нангахар провинцијата и градот Јалалабад се под големо влијание на талибанците и коалициските сили не можат да воспоставaт сигурност. За Гхазни провинцијата инцидентите кои ги предизвикуваат талибанците но и владините сили, исто така бележат пораст.[143]

---

[140] Ian S. Livingston and Michael O'Hanlon, "Afghanistan Index – also including selected data on Pakistan", Brookings Institute, 26 April 2013, www.brookings.edu/~/media/ Programs/foreign%20policy/afghanistan%20index/ index20130426.pdf, p. 6.

[141] Достапно на: http: //www.apc-cza.org/sr-YU/avganistan-bezbednosna-situacija.html.

[142] Исто.

[143] Исто.

Безбедносната состојба во Кабул е нешто подобра за разлика од другите провинции во Авганистан.

Исто така, забележано е и зголемување на бројот на цивилните жртви, а посебно деца и жени, што претставува 30% од сите цивилни жртви или за 1% е зголемен во однос на претходната година. Најмногу цивилни жртви се забележани на југот и на истокот од земјата. Бунтовниците (талибанците и останатите вооружени групи) се причина за повеке од 80% од цивилните жртви, додека владините сили одговорни се за повеке од 10% од вкупните цивилни жртви во Авганистан. Бројот на нападите на бунтовниците против владините сили е на слично ниво како и изминатата година, додека нападите на „ИСАФ" силите се смалени за 10% во однос на претходната година.[144]

## 5.2. Воспоставување на мисијата „ИСАФ"

Меѓународните сили за безбедносна помош-ИСАФ[145] (International Security Assistance Force) во Авганистан претставува најважна операција за поддршка на мирот и стабилизација под мандат на ОН и команда на НАТО која се реализира надвор од Евроатланскиот регион.

Целта на мисијата „ИСАФ" е давање на помош на Авганистанската влада во воспоставувањето и одржувањето на мирот и безбедноста на нејзините сопствени безбедносни сили и на тој начин слободното функционирање на власта од главниот град би се раширила на целата територија на државата. Со постигнување на суверенитет на владата на целата територија, ќе се создадат услови за брза изградба на државата и изградба на општеството, а со тоа би се подобрила и регионалната

[144] Достапно на: http: //www.apc-cza.org/sr-YU/avganistan-bezbednosna-situacija.html.

[145] Операцијата ISAF (International Security Assistance Force) во Авганистан воспоставена е во договор со резолуцијата на Советот за безбедност (1386, 1413, 1444, 1510, 1563, 1623, 1659, и 1707). НАТО ја презема командата во 2003 година.

стабилност. Пред тоа Мисијата ИСАФ дејствувала под мандат на Обединетите Нации во согласност со повелбата VI на ОН. Во тој период мисијата ја предводеле и кординирале Англија (ISAF I), Турција (ISAF II) и заедно Германија и Холандија (ISAF III). Смените биле реализирани на период од шест месеци[146].

Кон крајот на 2001 година ИСАФ претставува операција за поддршка на мирот (Peace Support Operations). Во тој период најголема улога во операцијата имаат Англија, Турција, Германија и Холандија. На крајот од годината во првиот мандат на мисијата под водство на ОН учествувале 19 држави.[147] Но иако во овој период мисијата била под мандат на ОН, тие не биле одговорни за нивното организирање и финансирање. Но во 2003 година ОН вршат промена на мандатот на мисијата во согласност со глава VII од Повелбата на ОН. Така сега НАТО силите ја предводат мисијата и финансиски ја подржуваат. Советот за безбедност на ОН проценувајки ја ситуацијата во Авганистан како опасна за меѓународниот мир и безбедност, одлучуваат своите членки да помогнат во мисијата ИСАФ со персонал, опрема, останати ресурси и финансиски средства.

НАТО ја предводи ИСАФ Мисијата во Авганистан од Август во 2003 година. На тој начин помага во одржувањето на мирот и создавање на услови за функционирање на парламентарната власт, оддржувањето на мирот и безбедноста во државата.

ИСАФ своите активности ги насочува преку соработка со владата на Исламската Република Авганистан придонесувајки во изградбата на сигурноста на државата, со посебен акцент на јакнењето на капацитетите и способностите на Авганистанските сили за национална безбедност (ANSF), Авганистанската национална Армија (ANA) и Авганистанската национална полиција (ANP). Исто така тие помагаат и во спроведувањето на реформите

---

146 Oružane snage Republike Hrvatske o operaciji ISAF, достапно на: http://arhiva.morh.hr/isaf/isaf_opcenito.asp.

147 Oružane snage Republike Hrvatske o operaciji ISAF, достапно на: http://arhiva.morh.hr/isaf/isaf_opcenito.asp.

во правосудството. Освен тоа што соработуваат со Авганистанската влада, ИСАФ силите помагаат и во актиностите на мисијата UNAMA на ОН, како и во работата на останатите агенции на ОН во Авганистан.

По потреба „ИСАФ" мисијата соработува и со другите меѓународни организации и меѓународни невладини организации кои дејствуваат во Авганистан за давање на хуманитарна помош и кординација во напорите насочени на развивање и проширување на човековите права.

### 5.3. Фази на операцијата „ИСАФ"

Операцијата „ИСАФ" е планирана во пет фази. Првата фаза од операцијата претставува проценка на состојбата и подготовките на самата операција. Во оваа фаза се вклучени и сите операции кои се водени во Кабул. Втората фаза од операцијата е ширење на операцијата по целата територија на Авганистан. Третата фаза претставува стабилизирање на државата, а четвртата е транзиција на самата држава. Последната фаза од операцијата предвидува повлекување на НАТО силите од Авганистан.[148]

Во почетокот ИСАФ силите дејствувале во главниот град Кабул и во неговата блиска околина помагајќи во воспоставувањето на преодната власт и воспоставување на сигурно опкружување на тоа релативно мало подрачје на својата одговорност. Со преземањето на мисијата од НАТО силите во Август во 2003 година доаѓа до зголемување на бројот на државите вклучени во операцијата. Исто така доаѓа до зголемување на структурите на „ИСАФ силите" во подрачјето на дејствување на операциите. Во исто време и ОН мисијата ја прошируваат на целата територија на Авганистан. Од тогаш па до денес на подрачјето на одговорност на ИСАФ силите операцијата се проширува на север, што претставува I етапа, која завршува во Октомври

[148] Oružane snage Republike Hrvatske o operaciji ISAF, достапно на: http://arhiva.morh.hr/isaf/isaf_opcenito.asp

2004 година, на запад што претставува II етапа, која завршува во септември во 2005 година, на југ што претставува III етапа, која е завршена во јули во 2006 година, и на исток што претставува IV етапа, која завршува во Октомври во 2006 година. Со завршувањето на етапите на ширењето завршува втората фаза од мисијата[149]

Паралелно со почетната фаза од стабилизацијата, НАТО ја зголемува програмата на соработка со Авганистан, која е насочена пред се на одбранбената реформа, изградба на одбранбените институции и на реформите на воените аспекти на безбедносниот сектор, кои ја промовираат интероперабилноста на АНА и членките на НАТО. Со таа програма е комлетирана оперативната улога на ИСАФ во Авганистан.

### 5.3.1. Провинциски – Реконструкциски тим

Карактеристично за мисијата „ИСАФ" е дејствувањето на провинциски-реконструкцискиот тим (ПРТ). Тој е специфичен за мисијата „ИСАФ" и претставува облик на цивилно-воено партнерство кој е замислен како средство кој ке ја олесни изградбата на безбедна околина и полесна обнова на одредени подрачја од Авганистан. Во разни провинции од Авганистан, во кои тој е втемелен, Провинциски-реконструкцискиот тим овозможува создавање на нејзината развојна стратегија. Освен мисијата на НАТО „ИСАФ" на Авганистанската влада во изградбата на државата на разни начини помагаат поединечни агенции на ОН, Европската Унија и меѓународните невладини организации.

Со помош на Провинциски-реконструкциските тимови, ИСАФ помага на локалните самоуправи во оспосубувањети и зацврствувањето на

149 „ Resolution 1510 (2003)", UN Security Council, 4840th meeting, 13 October 2003, www.nato.int/isaf/topics/mandate/unscr/resolution_1510.pdf.

институнационалните механизми кои се неопходни за воспоставување на правото на владеење.[150]

Целта на дејствување на Провинциски-реконструкцискиот тим е да помогне во владеењето на Авганистанската влада од централниот дел на Авганистан спрема останатите делови од државата. Воениот дел на Провинциски-реконструкцискиот тим треба да создаде безбедносно окружување во кое можат да се извршуваат активности околу изградбата и обновата на државата. Безбедноста на територијата на дејствување не се темели само на работата на воениот дел од Провинциски-реконструкциски тим, туку и од соработката со локалното население. Оваа соработка ја остварува цивилниот дел од тимот, кој е насочен на подобрување на економскиот раст на државата, подобрување на условите на работа на јавните служби, подобрување на условите за живот и задоволување на основните животни потреби.

[150] Fatić M Z. i Korać S. Nato povlačenje iz Avganistana: uspešno okončanje misije, Institut ya međunaronu politiku i privredu, Beograd, 2013, str. 388.

# 6. УЧЕСТВО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МИРОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Република Македонија е активен партнер на ОН и на НАТО во изградбата на мирот во светот.

Определувањето за учеството во мировните операции има позитивно влијание на партнерите на Република Македонија во НАТО.

Република Македонија како држава партнер на НАТО има значаен придонес во операциите за подршка на мирот а посебно во мисијата на НАТО во Авганистан. Со тоа придонесува и за зголемување на безбедноста во Евроатланската зона а и пошироко.

Учеството на Република Македонија во мировните операции има двојно значење: прво почнувајки од основните потреби за завршените реформи на Армијата на Република Македонија и како „влез“ во системот на колективната безбедност. Соочувајки се со новите безбедносни предизвици во светот, паралелно со намалувањето на опасностите од меѓудржавните конфликти, државите кои имаат аспирација да станат дел од единствената евроатланска безбедносна организација, добиваат и нова улога „учество во мировните операции“.

Учеството на Армијата на Република Македонија во мисијата „ИСАФ“ претставува едно од најважните достигнувања на Република Македонија на полето на меѓународната безбедност.

Исто така, треба да се нагласи дека примарна мисија на Армијата на Република Македонија е заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија и заштита на населението од надворешни закани во сите услови – во мир, во кризна состојба и во војна. Исто така, Армијата на Република Македонија е подготвена за исполнување на меѓународните обврски – придонес во колективната одбрана на НАТО,

учество во меѓународните операции и заштита на пошироките национални интереси[151].

Учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции е значајно за развивањето на самата безбедносна структура но и за безбедноста на самата држава.

Преку учеството во мировните операции може да се согледа способноста на вооружените сили во иднина, степенот на обученоста и интероперабилноста на Армијата.

Армијата на Република Македонија во тој поглед постигнува значајни резултати, почнувајки од опремувањето со борбената опрема, нејзината трансформација и создавањето на нови одбранбени капацитети прилагодувајки се на земјите членки на НАТО.

Ако се земат во предвид човечките капацитети, завршените реформи во Армијата на Република Македонија и оспособеноста на нашите припадници, тогаш може да се истакне дека Република Македонија има доволно капацитети за понатамошната работа кон стратегиската определба-прием во Северноатланската Алијанса.

Армијата на Република Македонија се стреми да биде членка на НАТО. Членството во НАТО е од посебно значење за мирот и стабилноста на нашата држава, земајки ги во предвид политиките на нашите соседни држави.

Бидејки Исламската Република Авганистан претставува опасност за меѓународниот мир и безбедност, мисијата „ИСАФ" претставува основна мисија за Армијата на Република Македонија.

Учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции започна во 2002 година во рамките на НАТО-предводената мисија „ИСАФ" во Авганистан.[152]

---

[151] Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана на Република Македонија, септември 2012, Скопје, стр.35

Од 2003-2008 година припадниците на АРМ учествуваа во мисијата „Слобода за Ирак" предводена од САД. Во оваа мисија вкупно беа извршени 11 ротации, со вкупно од 490 лица.[153]

Во воената операција „АЛТЕА", предводена од Европската Унија, учеството на Армијата на Република Македонија започна во 2006 година со учество на хеликоптерски деташман, а заврши во јули 2008 година. Придонесот во „АЛТЕА" продолжи со испраќање на медицински тим.[154]

Од мај 2007 година припадниците на Армијата на Република Македонија даваат свој придонес со учеството во операциите предводени од ООН, со учеството на еден припадник во мисијата „УНИФИЛ" во Либан. Денес е во тек шестата ротација од оваа мисија.[155]

Република Македонија континуирано од 1999 година обезбедува постојана логистичка поодршка за силите во операцијата „КФОР" на Косово.

## 6.1. Учество на Армијата на Република Македонија во мисијата „ИСАФ" во Исламската Република Авганистан

Армијата на Република Македонија со учеството во мировните операции придонесува во поодршката на Коалицијата за борба против тероризмот и во напорите кои што ги прави меѓународната заедница за заштита на светскиот мир и безбедност. Со учеството во мировната операција „ИСАФ" Армијата на Република Македонија придонесува во обновата на Авганистан, но воедно е подготвена да даде свој придонес за воспоставување и зачувување на мирот и во некои други подрачја. Учеството

[152] Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана на Република Македонија, септември 2012, Скопје, стр.61.

[153] Исто, стр. 63.

[154] Исто.

[155] Исто.

во операцијата „ИСАФ“ предводена од НАТО, Армијата на Република Македонија го започнала во август 2002 година со учеството на двајца офицери во рамките на Турскиот контигент.[156]

Во март 2003 година, Армијата на Република Македонија со испраќање на едно одделение го зголемува својот придонес во „ИСАФ“ мисијата како дел од германскиот контигент. Со реализирањето на поставените задачи од сите припадници на нашата Армија и високите оценки добиени за учеството во мисијата „ИСАФ“, од август 2004 година па се до крајот на 2006 година, Армијата на Република Македонија учествува со еден механизиран пешадиски вод. Истовремено , во август 2005 година во „ИСАФ“ мисијата е испратен и медицински персонал како дел на здружениот медицински тим во А3 формат (Македонија, Албанија и Хрватска), кој задачите успешно ги извршува најпрво во состав на Грчката-Полска болница, а потоа во состав на Чешката-Полска болница. Следејќи ја работата на нашите припадници во мисијата и добиените високи оценки од земјите членки на НАТО, Армијата на Република Македонија во јуни 2006 година го зголемува своето учество со една механизирана пешадиска чета, во составот на Британскиот контигент во „ИСАФ“. Покажаната доверба од Британскиот контигент, била во целост оправдана од нашите припадници.[157]

Високите оценки од Алијансата за работата на нашата единица како и научените лекции претставуваат поттик за продолжување на успешноста во реализирањето на поставените задачи. Во втората ротација на четата за обезбедување на командата на „ИСАФ“, Армијата на Република Македонија и понатаму го зголемува присуството од 90 на 127 мировници, а од јануари 2008 година испрати и тројца штабни офицери во командата на „ИСАФ“ во Кабул.[158]

Како поддршка на напорите за самоодржливост на Авганистанската национална армија (АНА), започнувајќи од март 2008 година, Армијата на

[156] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/?page_id=693&lang=mk.

[157] Исто.

[158] Исто.

Република Македонија испраќа двајца припадника како дел на здружениот мултинационален Оперативно менторски и тим за врски (ОМЛТ) во Мазар-е Шариф, додека, започнувајки од декември 2008 година, во соработка со Норвешка, македонскиот медицински тим е вклучен преку еден хируршки тим во организациската структура на хируршка единица при Норвешкиот Провинцискиот тим за реконструкција (ПРТ) во Мејмана, Авганистан.[159]

Но и понатаму учеството на припадниците на Армијата на Република Македонија во НАТО предводената мировна операција „ИСАФ" продолжи да се зголемува. Така, од јануари 2009 година, уште тројца припадници на Армијата на Република Македонија, како дел од Оперативниот менторски тим за врски (ОМЛТ) биле испратени во реонот на Кундуз, за менторирање на припадниците на АНА. Во март 2010 година, во рамките на билатералната соработка со ВС на САД, нови седумдесет и девет припадници од нашата Армија, биле распоредени за извршување на задачи во мировната операција "ИСАФ".[160]

Учеството на припадниците на Армијата на Република Македонија во мировната операција „ИСАФ" е високо ценето од земјите –членки на НАТО и партнерските земји. Како резултат на тоа, а со цел јакнење на регионалната соработка и заеднички придонес во воспоставувањето на светскиот мир, во рамките на иницијативата А-5 (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија и Црна Гора), а со поддршка на САД и Словенија, како придружна членка, во 2011 година започна подготовка на персопнал за учество во мировната операција „ИСАФ" во рамките на НАТО-мисијата за обука – Авганистан. Оваа мисија е под команда на Република Хрватска, во проектот за менторирање на персонал на Авганистанската Национална Армија во школото на воената полиција во Даруламан, во реонот на Кабул. Првиот контигент во оваа регионална иницијатива е упатен во септември 2011 година, а нашата Армија учествува со три лица. Во Февруари 2012

---

[159] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/?page_id=693&lang=mk.

[160] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/ARM-vo-mirovni-misii.pdf.

година, учеството во оваа регионална иницијатива е зголемено за уште пет лица, во рамките на мобилен тим за обука.[161]

Мисијата А-5 иницијативата, а со тоа и на нашиот ангажман во истата мисија заврши во март 2013 година. Во оваа мировна операција а заклучно со 2013 година, Армијата на Република Македонија учествуваше со 2485 припадници.

Следејќи го ангажманот на нашите припадници во мировната операција „ИСАФ", може да се заклучи дека тој постојано се зголемуваше. Имено, зголеменото ангажирање е резултат на:

- успешно извршување на поставените задачи,

- демонстрирање на висок степен на подготвеност на персоналот, и

- професионален однос од страна на припадниците на Армијата на Република Македонија.

Додека пак, намалувањето на бројот и нашето присуство во наредниот период ќе биде резултат на планирањето на мировната операција до крајот на 2014 година и отпочнување на нова мировна операција. Конкретно, Армијата на Република Македонија во новата мисија во Авганистан, наречена „Одлучна поддршка" учествува во планирачкиот процес, а капацитетите со кои ќе учествува дополнително ќе се одредат.

## 6.2. Процедура за испраќање на припадниците на Армијата на Република Македонија во мировната операција „ИСАФ“

При испраќањето на припадниците на Армијата на Република во мировната операција „ИСАФ“, како дел од одбранбената политика, државата има воспоставено законски рамки, од кои може да се воочи демократската контрола во оваа област.

---

[161] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/ARM-vo-mirovni-misii.pdf.

Процедурата за упатување на вооружените сили надвор од територијата на Република Македонија пропишана е во Законот за одбрана од 2001 година.[162]

Во согласност со овој закон, Собранието на Република Македонија е надлежно да донесува одлука за пристапување и излегување од членството на колективните системи за безбедност и одбрана. Собранието е надлежно и за ратификација на меѓународните договори кои се однесуваат за влегување, движење и престој на странските вооружени сили на територијата на Република Македонија поради вежбовни активности, обука и учество во мировните и хуманитарните операции, како и за учеството на единиците на Армијата на Република Македонија во такви активности и операции во иностранство[163].

Одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Република Македонија поради учество во вежбовни активности, обука и хуминатарни операции донесува Владата.[164]

Одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Република Македонија поради учество во мировни операции донесува Собранието на Републиката.

Во членот 41а пишува дека, посебно од членот 41 став 3 (упатување на мировни операции со одлука на Собранието), во согласност со ратификуваниот меѓународен договор, одлука за испраќање на единици на Армијата за учество во мировните операции надвор од територијата на Република Македонија за учество во мировните операции предводени од НАТО и во применетото право на индивидуалната и колективната самоодбрана, донесува Владата.

[162] Службен весник бр. 42 од 01.06.2001 година. Законот се изменува и дополнува во 2003 год. (Службен весник број 05/03), 2006 година (Службен весник број 58/06 од 11.05.2006 година), 2008 година (Службен весник број 110 од 02.09.2008 година), 2011 година (Службен весник број 51 од 13.04.2011 година). Извор интернет www.pravo.org.mk.

[163] Член 17 точка 6 и точка 7 од Законот.

[164] Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана на Република Македонија, септември 2012, Скопје, стр.25.

| Парламентот на Македонија | Владата на Македонија |
|---|---|
| Донесува одлука за учество на единиците на Армијата надвор од територијата на државата во мировните операции | Донесува одлука за учество на единиците на Армијата надвор од територијата на државата во мировните операции предводени од НАТО |

Слика бр. 4: Донесување на одлука за упатување на припадниците на Армијата на Република Македонија во мисии во иностранство

## 6.3. Придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции

Поагајќи од принципот на неделивост на безбедноста во Евроатланскиот регион, Република Македонија придонесува во напорите на меѓународната заедница за заштита на светскиот мир и безбедност. Придонесот на Република Македонија за глобалната безбедност, мир и стабилност, првенствено се гледа преку вложувањето на сопствените безбедносни способности и капацитети за остварување на заедничките вредности и интереси.[165]

Придонесот на Армијата на Република Македонија во мировните операции претставува конкретна потврда за успешно завршените реформи во одбраната и за цврстите стратегиски определби на државата за членство во НАТО и во Европската унија. Армијата на Република Македонија

[165] Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана на Република Македонија, септември 2012, Скопје, стр. 61

учествува во три мировни операции надвор од нашата држава: „ИСАФ" мисијата, предводена од НАТО во Авганистан, мисијата „АЛТЕА" предводена од ЕУ во Босна и Херцеговина и мисијата „УНИФИЛ" на ООН во Либан и обезбедува логистичка поодршка на НАТО силите КФОР во Косово преку функционирање на Координативниот центар за поддршка од земјата-домаќин. Со тоа докажуваме дека активно со останатите држави придонесуваме во градењето на мирот и безбедноста во државите во кои е загрозена нивната стабилност и нарушени демократските вредности.[166]

„Европската унија е благодарна за вашето учество во меѓународните операции за одржување и создавање на мирот предводени од страна на ООН, на НАТО и на ЕУ. Преку ова активно учество придонесувате кон градењето на мирот и стабилноста во светот, една од врвните стратегиски цели на Европската унија. Благодарение на демократската транзиција, изминативе неколку години земјата ги гради своите капацитети за активно учество во овој процес"[167].

Република Македонија во 2012 година досигнува ниво на придонес со 190 лица што претставува ниво на распореденост од околу 3% од копнените сили на Армијата на Република Македонија во мировните операции. Овој процент на придонес претставува голем успех за нашата држава бидејќи неможат да го достигнат и голем број на земји членки на НАТО и на Европската унија. Во 2010 година, беше достигнат најголем придонес со испраќање на 250 припадници на Армијата на Република Македонија и со тоа станавме четвртата земја која придонесува во мисијата „ИСАФ" според големината на населението[168].

[166] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/ARM-vo-mirovni-misii.pdf.

[167] Штит, Министерство за одбрана на Република Македонија, декември 2012 година, Скопје, стр.10

[168] Штит, Министерство за одбрана, декември 2012 година, Скопје, стр. 6;

Во нашиот регион заземаме централно место според бројот на учесниците во „ИСАФ" мисијата[169]

„Повеќето од најтешките безбедносни предизвици со кои се соочува денешниот свет најдобро можат да бидат решени преку ефикасна меѓународна соработка. Армијата на Република Македонија и нејзиното цивилно раководство ги поддржуваат ваквите напори, давајќи голем придонес кон мировните и коалициските мисии и на регионално и на глобално ниво. Во последните години, повеќе од 2100 македонски војници биле распоредени заедно со американските војници во мировнита операција во Авганистан.[170] Освен тоа, распоредувањето во операцијата „АЛТЕА" – мировната мисија на Европската унија во Босна и Херцеговина и на „УНИФИЛ" на Обединетите Нации во Либан, уште еднаш покажаа дека Р. Македонија е стабилен партнер кој сака да дава значаен придонес во напорите да се остварува и да се унапредува мирот и стабилноста". Нашите припадници задачите ѓи извршуваат на најразлични локации со најразличен процент на ризик кој е постојано променлив.

Резултатите и успесите на нашите припадници, како и придонесот во зачувувањето на светскиот мир е забележано и од највисоките претставници на НАТО, ЕУ и ООН.

„Учеството во мисијата заслужува пофалби, земајки ја во предвид изградбата на мирот и стабилноста за главна стратегиска цел на ЕУ", истакнува Аиво Орав, евроамбасадор на ЕУ за Македонија за Southeast European Times (30.4.2013 г.), за учеството на АРМ во мисијата „Алтеа" во БиХ.

Понатаму Аиво Орав истакнува: „Македонија дава значаен допринос во целокупните безбедносни и одбранбени напори во Европа".

---

[169] Бугарија учествува со 561 припадници, Грција со 112 припадници, Албанија со 333 припадници, Босна и Херцеговина со 59 припадници и Хрватска со припадници.

[170] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/ARM-vo-mirovni-misii.pdf.

„Морам да се заблагодарам на Р. Македонија за учеството во мисијата Алтеа во рамките на меѓународниот контигент, исто така и за учеството во Центарот за мировни операции" изјавил Миладин Милојчич, началник на генералштабот на Војската на БиХ, за Southeast European Times.

„Ова е вистински пример на добра соработка помеѓу две војски во регионот. Тоа претставува позитивен тренд и испраќа добра порака во регионот како целина", констатира Милојчич.

### 6.4. Придобивките од учеството во мировните операции

Република Македонија и покрај тоа што не е членка на НАТО, е една од водечките држави, кои што придонесуваа за мирот во светот, сметано според бројот на жители. Досега во НАТО, во ООН, и во ЕУ-мировните мисии учествувале вкупно 2821 македонски мировници, и тоа на три континенти: Европа, Азија и Африка. Меѓу нив имало и 127 жени кои учествувале. Моментално во мировните мисии се наоѓаат 171 македонски миривници, од кои 9 се женски. Нашите припадници на мирот, досега се здобиле со 1828 медали од кои најмногу во „НАТО" мисиите.[171]

Од највисоките командни структури на НАТО нашите единици во мировните операции секогаш добиваат високи оценки. Сето тоа докажува дека единиците во целост ги извршуваат сите поставени задачи во најразлични делови од светот и во услови на највисок степен на ризик. Високите оценки и научените лекции се само императив за продолжување на успешноста во мисиите.

Армијата на Република Македонија најголеми придобивки од учеството во мировните операциии ги добива преку научените лекции кои секојдневно се чувствуваат. Драгоцените искуства кои ги стекнуваат нашите припадници во мировните операции ќе бидат имплентирани во

[171] Достапно на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/ARM-vo-mirovni-misii.pdf.

реализацијата на военостручното оспособување на останатиот персонал во останатите единици на АРМ. И покрај тоа што нашата држава е средно економски развиена кое има влијание на реализирањето на задачите во мировните операции, сепак високиот степен на обученост и високиот професионализам на нашите миротворци претставува големо задоволство за сите нас. Придонесот во создавањето на позитивната слика на мисијата „ИСАФ", претставуа значење кое што се вреднува подеднакво како и за останатите држави ученички. Согледувајки го реалното воено опкружување, со учеството на нашите единици во меѓународните мировни операции, за Р. Македонија претставува незаменливо искуство. Изминатите неколку години реализирани се најразлични задачи, постигнувајки максимален успех.

## 6.5. Подготовка на припадниците на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција

Кај поголемиот број на припадници преовладува желбата за учество во мировните операции. Иако учеството во мировните операции претставува најтешката задача за секој припадник, мотивот да се биде дел од контигентот, никогаш не изостанува. Како најглавни причини за големата конкурентност ќе ѓи издвојам следните:

- престижот на секој припадник да се учествува во борбата против сите оние кои го загрозуваат денешниот свет и
- финансиската придобивка која ја добива секој припадник.

Со самото пријавување на припадникот, почнуваат подготовките за мировните операции, кои се состојат од:

- психо-физички подготовки;
- воено-стручни подготовки; и

- логистички подготовки.[172]

Откако припадникот ќе ја исполни физичката спремност, следува проверка на здравствената состојба. Таа се реализира во Воено-медицинскиот центар од страна на санитетски екипи. Потоа секој припадник е подлежен на вакцинирање. Ако и овој услов биде исполнет, тогаш со секој припадник, почнува процес на обучување кој трае од 3-4 месеци пред заминувањето во мировна операција. Обучувањето се дели на поединечна и колективна подготовка. На поединечната подготовка се изучуваат основните постапки кои што треба да ги познава секој припадник. Колективната подготовка претставува таков процес на обучување, така што секој припадник во рамките на својата единица, ги учи и повторува сите постапки колективно. Обучувањето се реализира преку теоретска и практична работа во училници, кабинети и во теренски услови. Секој припадник ги совладува тајните за формациското место на кое што и истиот конкурира. Секоја задача мора да биде совладана да се реализира во дневни и ноќни услови.[173]

Обуката е прилагодена во согласност со ситуацијата и дејствата што се реализираат во мировната операција. Кај секој припадник преовладува голема мотивираност во периодот на обучувањето. Паралелно со воено-стручната обука се реализира и морално-психолошки подготовки со секој припадник. Психолошките подготовки се главен дел од обуката и на нив се посветува посебно внимание. Воедно во процесот на обучување припадниците се запознаваат со правилата на војување, Женевските конвенции, однесувањето со цивилното население а посебно со жени и деца, бидејќи постојат повеќе случаеви каде што припадниците ги злоупотребуваат истите. Секојдневно во процесот на обучување се следат резултатите на секој припадник, бидејќи необучен припадник не смее и неможе да биде дел од контигентот. Безбедносната проценка е неизбежен дел од секојдневните подготовки. Со пополнувањето на безбедносните прашалници се следи состојбата кај секого поединечно и доколку се појават одредени проблеми,

[172] Подготовките за мировните операции ги имам завршено во периодот од 01.09-15.12.2010 година, бидејќи учествував во мировната операција „ИСАФ" во 2011 година.

[173] Исто.

тогаш припадникот се одстранува од подготовките во понатамошниот период. Подготовките на персоналот со логистичката опрема се реализира непрекидно. Поедноставната борбена опрема која се користи во текот на мировната операција, се обезбедува во текот на периодот на подготовките, додека посложената се наога во Авганистан. Се задолжува секој припадник со истата, и секој се оспособува да ракува со неа. Физичките подготовки се реализираат континуирано преку индивидуални и колективни подготовки.

## 6.6. Проблеми во текот на подготовките и реализирањето на мировните операции

Секогаш треба да се има во предвид дека нашите припадници ги реализираат задачите во тешки услови. Авганистан претставува упориште на терористичката група Al Caida.

Преку 30% од инцидентите кои се случуваат во Авганистан се последици од користењето на импровизираните експлозивни направи и заедно со нападите на бомбашите-самоубици, тој број изнесува повеке од 53% од сите вооружени напади во Авганистан и предизвикува повеке од 50% од сите цивилни жртви.[174]

Во текот на подготовките и реализирањето на мировните операции се појавуваат повеке проблеми. Како најкарактеристични се следните:

- избор на персонал;
- пополна со неадекватна комуникациска и борбена опрема;
- непознавање на странски јазици; и
- недостаток на искуство во работата во мировните операции.

174 http://www.apc-cza.org/sr-YU/avganistan-bezbednosna-situacija.html.

### 6.6.1. Избор на персонал

Критериуми врз основа на кои се избира персоналот за учество во мировните операции се следните:

- да се психо-физички здрави;
- да имаат завршено основна обука; и
- во периодот на обучување успешно да ја завршат колективната обука.[175]

Во мировната операција се ангажира една организациона единица, така што целокупниот персонал треба да е од иста единица, бидејки тие и претходно се имаат обучувано во својата единица. При изборот на секој контигент, учествуваат припадници од сите единици на Армија на Република Македонија. Тоа претставува дополнителен проблем, бидејки обучувањето на персоналот во своите единици е различно поради нивната намена. Во текот на обучувањето, припадниците меѓусебно се запознаваат, а со тоа се обучуваат во реализирањето на колективните задачи, што претставува проблем кај секој контигент во периодот на обучувањето. Пријавувањето на припадниците е на доброволна основа и нивната неизвесност за заминувањето во мировната операција трае во текот на целиот период на обучување. Често се случува да одредени припадници во завршната фаза од обуката, повеке да не се дел од контигентот, а на нивно место да бидат вметнати нови припадници кои ја немаат поминато колективната обука. Затоа предлагам целокупниот персонал да се избира од основната единица а пополната да се врши од поширокиот состав на поголемата единица.

### 6.6.2. Пополна со неадекватна комуникациска и борбена опрема

Често пати единицата во периодот на подготовки се пополнува со комуникациска и борбена опрема од повеке единици, кои понекогаш

[175] Критериумите за мировните операции ги поминав во периодот од 01.09-15.12.2010 година, бидејки учествував во мировната операција „ИСАФ" во 2011 година.

пополнувањето е со задоцнување иако опремата е потребна од самиот почеток на подготовките.

Задачите во мировните операции се реализираат со комуникациска и борбена опрема која се користи и во единиците на Армијата на Република Македонија. Но истата често пати не ги задоволува стандардите на НАТО и претставува проблем во реализирањето на секојдневните задачи. Затоа е потребно единиците да се опремат со комуникациска и борбена опрема која се користи во мировните операции и со која се реализираат задачите во населено место и во ноќни услови, и со тоа ке се смали ризикот за самите припадници и ке се зголеми ефикасноста во реализирањето на поставените задачи.

### 6.6.3. Непознавање на странски јазици

Исто така како важна карактеристика која влијае на успехот на реализираните задачи во мировните операции е познавањето на странските јазици. Голем број од нашите припадници немаат доволно познавање на странски јазици или воопшто не ги познаваат. Затоа е потребно при изборот на персоналот да се воведе тестирање кое ќе ги потикне кандидатите на самоизучување и зголемување на нивниот интерес за познавањто на странските јазици. Исто така, во текот на подготовките задолжително треба да се вметне и програма за подигнување на знаењата од областа на странските јазици која во моментот воопшто не е застапена.

Поради непознавањето, често пати во текот на реализирањето на задачите, припадниците се несигурни во постапките кои што ги спроведуваат, а со тоа несакајки придонесуваат кон зголемувањето на самите ризици.

### 6.6.4 Недостаток на искуство во работата во мировните операции

Поголемиот број на припадници, за прв пат се сретнуваат со посложени технички средства и постапките во најразлични ситуации во текот на реализирањето на задачите. При тоа кај нив се чуствува одредена несигурност или страв од недоволно познавање и искуство кои можат да доведат до несакани последици.

Исто така, како отежнувачка околност во текот на реализирањето на задачите претставува и разновидниот карактер и обичаите на тамошното локално население кои понекогаш не се својствени за условите на подготовки во нашата држава. Сето ова претставува недоволно искуство за нашите припадници кое може да биде надминато со примена на искуството од другите контигенти и научените лекции, применување на тактиките и процедурите од другите држави во текот на подготовките, изучувањето на традициите на локалното население во Авганистан и поголема мотивираност и самоангажирање од секој припадник.

### 6.6.5. Ризици во мисијата „ИСАФ"

Ризиците во текот на реализирањето на мировната операција „ИСАФ" се секогаш присутни. Бројот на инцидентите во Исламската Република Авганистан е постојано променлив. Тоа зависи од присуството на Талибанците во самиот реон и од активностите кои ги реализираат припадниците на „ИСАФ". Припадниците на Армијата на Република Македонија се подеднакво изложени на ризици како и останатите припадници од другите држави.

Поради непознавањето на тогашното локално население и несигурноста во него, секогаш треба задачите да се реализираат со голема претпазливост. Припадниците на „ИСАФ" се вклучени и во активности во обучувањето на Авганистанската Национална Армија. Но постојат поголем број на примери каде што токму од самите припадници на Авганистанската Национална Армија се дејствува кон припадниците на „ИСАФ". Оттука може да се заклучи дека бомбашите-самоубици можат да бидат помешани со цивилното население, но и дека одредени припадници на Авганистанската Национална Армија претставуваат закана за припадниците на Армијата на Република Македонија.

Ризиците постојат во следниве случаеви:

- при реализирањето на секојдневната контрола на цивилното население кое влегува и излегува од базата;
- при контрола на багажот кој се внесува внатре во базата;
- при соработката со припадниците на Авганистанската Национална Армија; и
- при реализирање на задачи во текот на патролирањето.[176]

Често пати бомбашите-самоубици се помешани со локалното население и пробуваат да се вметнат при нивното влегување внатре во базата. Затоа при контролата , заканата секогаш постои од нив.

Во багажот се пробува да се вметне бомба, експлозив или било каква друга направа, која би можела да се активира додека се врши негова контрола.

Припадниците на Авганистанската Национална Армија се присутни во самата база а и надвор од неа. Треба да се внимава секогаш при соработката со нив.

[176] Истите ги забележав од моето учество во мировната операција „ИСАФ" во 2011 година.

Патролирањето надвор од базата претставува најсложената задача, каде што нашите припадници се помешани со локалното население. Тоа сето е воочливо и кога постои ризик со зголемен интензитет, тогаш патролирањето се забранува надвор од базата.

### 6.6.6. Влијанието на мисијата „ИСАФ" на трансформацијата во Армијата на Република Македонија

Со создавањето на колективниот систем за безбедност и појавувањето на новите безбедносни предизвици по пат на етничките кризи, меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал, имаат значајно влијание на последната трансформација на Армијата на Република Македонија. Од своето постоење па до денес, Армијата на Република Македонија има неколку трансформации, следејки ги примерите на државите во регионот и државите – членки на НАТО. Со создавањето на системот на колективната безбедност доага до непостоење од меѓудржавните вооружени конфликти на подрачјето на Европа. Следејки ги искуствата од кризата во нашиот регион, терористичките напади на САД како и интервенцијата на НАТО во Авганистан, Република Македонија се одлучи за усвојување на моделот на професионална Армија каква што имаат и другите држави во Европа. Конечната цел на реформите беше создавање на мобилни единици кои се способни да дејствуваат надвор од нашата држава и да извршуваат најразлични задачи од другите Армии во помош при решавањето на кризите, стабилизирање на постконфликтните подрачја, борба против тероризмот, транснационалниот криминал и полиферацијата на оружјето за масовно уништување, па се до хуминатарните операции по елементарните несреќи и катастрофи.

Исто така и искуството од мировните операции имаше свој удел во реформите на Армијата на Република Македонија. Со последната трансформација Армијата на Република Македонија, претрпе значајни промени во поглед на намалувањето на единиците и ослободување од вишокот и непродуктивното вооружување.

Во изминатиот период Република Македонија како држава во транзиција, денес почнува да се изградува од земја примач во земја извозник на безбедноста. Но како најголем проблем кој се појави со последната трансформација е опремувањето со модерно вооружување според стандардите на НАТО и логистичката самоодржливост. Тој проблем најмногу се чуствува во мировната операција „ИСАФ“ во Авганистан, каде што имаме недостаток на современо вооружување а логистичката поодршка ја добиваме од Англија

# 7. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## 7.1. Примерок на истражувањето

Во идејната скица се поставени сите инструменти, методи и техники со цел да дојдеме до резултати кое ќе ни овозможат да дојдеме до заклучоци и да одговориме на хипотезите. Оттука, во претходното поглавје употребивме студија на случај (case stadies) – мисијата „ИСАФ", преку која дојдовме до делумни заклучоци. Имено, овие делумни заклучоци ке ги комбинираме со примерокот од истражувањето: анкетниот прашалник и анализите на содржините на различните извори, студии преку кој ќе се одговараа прашањата поставени во истражувањето и ке се потврдат или, пак ке се негираат хипотезите. Целото истражување е направено врз основа на квалитативна анализа од анкетните прашалници од испитаниците. Истражувањето е направено во периодот од 1 месец по враќањето на припадниците на Армијата на Република Македонија од мировната операција „ИСАФ" од Авганистан со анкетен прашалник кој содржи 21 прашање.

Во истражувањето се опфатени припадници од најразлични категории, кои имаат учествувано во мировната операција „ИСАФ".

**Табела бр. 1**

| Категорија | Број на лица | % |
|---|---|---|
| Професионален војник | 120 | 80 |
| Подофицер | 20 | 13 |
| Офицер | 10 | 7 |
| Вкупно | 150 | 100 |

**Графикон бр. 1**
**Категорија**




Процентуалната застапеност на професионалните војници изнесува 80%, на подофицерите 13% и на офицерите 7%. Ова го прикажавме со табела бр. 1 и графикон бр. 1.

## Табела бр. 2

| Возраст | Број на лица | % |
|---|---|---|
| до 20 години | 1 | 1 |
| 21-30 години | 32 | 21 |
| 31-40 години | 111 | 74 |
| над 40 | 6 | 4 |
| Вкупно | 150 | 100 |

**Графикон бр. 2**
**Возраст**



Процентуалната застапеност на испитаниците до 20 години изнесува 1%, од 21-30 години изнесува 21%, од 31-40 години изнесува 74% и над 40 години изнесува 4%. Ова го прикажавме со табела бр. 2 и графикон бр. 2.

**Табела бр. 3**

| Степен на образование | Број на лица | % |
|---|---|---|
| Средно образование | 135 | 90 |
| Високо образование | 15 | 10 |
| Вкупно | 150 | 100 |

**Графикон бр. 3**
**Степен на образование**




Процентуалната застапеност на испитаниците со средно образование изнесува 90% а со високо образование е 10%. Ова го прикажавме со табела бр. 3 и графикон бр. 3.

**Табела бр. 4**

| Стаж на работно место | Број на лица | % |
|---|---|---|
| до 20 години | 139 | 92 |
| 21-30 години | 10 | 7 |
| 31-40 години | 1 | 1 |
| Вкупно | 150 | 100 |

**Графикон бр. 4**
**Стаж на работно место**




Од испитаниците 92% се со работен стаж до 20 години, 7% се од 21-30 години и 1% се од 31-40 години. Ова го прикажавме со табела бр. 3 и графикон бр. 3.

**Табела бр.5**

| Број на учество во мировни мисии | Број на лица | % |
|---|---|---|
| 1 | 81 | 54 |
| 2 | 53 | 35 |
| Повеќе пати | 16 | 11 |
| Вкупно | 150 | 100 |

**Графикон бр. 5**
**Број на учество во мировни мисии**




Од испитаниците 54% имаат учествувано по еднаш во мировна операција „ИСАФ", 35% имаат учествувано по два пати во мировна операција

„ИСАФ“ додека 11% од испитаниците имаат учествувано повеќе пати. Ова го прикажавме со табела бр. 5 и графикон бр. 5.

**Табела бр.6**

| Моментална позиција | Број на лица | % |
|---|---|---|
| Единица | 144 | 96 |
| Команда | 6 | 4 |
| Вкупно | 150 | 100 |

**Графикон бр. 6**
**Моментална позиција**




Од единиците на Армијата на Република Македонија се опфатени 96% од испитаниците, додека 4% од испитаниците се од командите на Армијата на Република Македонија . Ова го прикажавме со табела бр. 6 и графикон бр. 6.

**Табела бр.7**

| Пол | Број на лица | % |
|---|---|---|
| Машки | 130 | 87 |
| Женски | 20 | 13 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Графикон 7
Полова припадност




Процентуалната застапеност на мажи изнесува 87%, додека на жени изнесува 13%. Ова го прикажавме со табела бр. 7 и графикон бр. 7.

## 7.2. Резултати од тестирањето на хипотезите

Анализата на добиените резултати од анкетата ќе се изврши врз основа на добиените податоцо од одговорите на прашањата добиени од анкетниот прашалник кој е во прилог бр. 1 на овој труд.

Исто така, анализата на добиените податоци ќе послужат за одговор на хипотезите и истите ќе се вкрстуваат со варијаблите и тоа: придонесот на АРМ во мировните операции,човечкиот фактор, и техничката опременост на припадниците во мировните операции.

Врз основа на добиените резултати интересни се податоците за возраста на испитаниците и истите ќе ни послужат за повремена контрола на другите варијабли во вкрстување на варијаблата-подготовка за учеството, со другите прашања.

Во анкетниот прашалник, прашањата бр.1, 2, 3, 5, 8 и 12, се однесуваат на одредувањето на карактеристиките на испитаникот, кои се воедно и варијабли за тестирање на другите прашања кои се однесуваат на главната хипотеза и на помошните хипотези.

На прашањето бр.1 кое гласи: „Дали сметате дека со учеството на Република Македонија во мировните операции побрзо ќе добиеме покана за влез во НАТО", добиени се следните резултати:

Графикон бр.1




Табела бр. 1

| Категорија | Број на лица | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Можеби |
| | % | | | |
| Професионални Војници | 120 | 73 | 19 | 28 |
| | 80% | 49% | 12% | 19% |
| Подофицери | 20 | 17 | 1 | 2 |
| | 13% | 11% | 1% | 1% |
| Офицери | 10 | 8 | 1 | 1 |
| | 7% | 5% | 1% | 1% |
| Вкупно | 150 | 98 | 21 | 31 |
| | 100% | 65% | 14% | 21% |

За 98 испитаници или 65%, сметаат дека со учеството на Република Македонија во мировните операции побрзо ке добиеме покана за влез во Нато. Бројот на испитаници кои што негативно се изјаснија, дека учеството на Република Македонија во мировните операции не влијае за покана за

влез во НАТО изнесува 21 испитаник или 14%, додека 31 испитаник или 21% од испитаниците се изјаснија дека е можно учеството во мировните операции да влијае за приемот во НАТО.

Анализирајки ги овие податоци, може да се заклучи дека Армијата на Република Македонија и понатаму треба да продолжи со учеството во мировните операции. Со евентуалниот прием во НАТО, ќе се зголеми и безбедноста за нашата држава бидејќи поддршката од останатите членки секогаш ќе ја имаме. Придонесувајќи во зачувувањето на светскиот мир во земјите во кои што учествува нашата Армија, тогаш резултатите ќе се почуствуваат и во стабилноста во регионот а со тоа и заканите врз територијалниот интегритет и сувернитет на Република Македонија ќе бидат помали.

На прашањето бр.2 кое гласи: „Дали сметате дека по учеството во мировните операции НАТО го зголеми интересот за Република Македонија во однос на приемот на Република Македонија како земја членка на Алијансата", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 2



Табела бр. 2

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 71 | 5 | 44 |
| | 80% | 47% | 3% | 30% |
| Подофицери | 20 | 15 | 4 | 1 |
| | 13% | 10% | 3% | 0% |
| Офицери | 10 | 5 | 4 | 1 |
| | 7% | 4% | 3% | 0% |
| Вкупно | 150 | 91 | 13 | 46 |
| | 100% | 61% | 9% | 30% |

За 91 испитаник или за 61% од испитаниците, НАТО има зголемен интерес за прием на Република Македонија како рамноправна членка во Алијансата со учеството во мировните операции. За 13 испитаника или за 9% од испитаниците имаат негативно размислување и учеството во мировните операции нема никакво значење за Северноатланскиот сојуз. Спред нив тоа не претставува никаков услов за прием во НАТО. Преостанатите 46 испитаника или 30% од вкупниот број на испитаници размислуваат дека учеството во мировните операции само делумно влијае на заинтерисираноста на НАТО за прием, покрај многубројните услови што треба да ги исполни Република Македонија.

На прашањето бр.3 кое гласи: „Дали сметате дека Армијата на Република Македонија има свои придонеси од учеството во мировните операции“, добиени се следните резултати:

Графикон бр. 3




Табела бр. 3

| Категорија | Број на лица | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | % | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 99 | 3 | 18 |
| | 80% | 66% | 2% | 12% |
| Подофицери | 20 | 16 | 1 | 3 |
| | 13% | 11% | 1% | 1% |
| Офицери | 10 | 9 | 0 | 1 |
| | 7% | 5% | 0% | 2% |
| Вкупно | 150 | 123 | 5 | 22 |
| | 100% | 82% | 3% | 15% |

Придонесите од учеството во мировните операции за 123 испитаника или за 82% од испитаниците е значајно за Армијата на Република Македонија и од големо значење, додека 5 испитаника или 3% од

испитаниците се изјаснија дека нашата Армија нема никакви придонеси од учеството во мировните операции, а само 22 испитаника или 15% од испитаниците се изјаснија делумно за придонесите од учеството во мировните операции.

На прашањето бр.4 кое гласи: „Дали сметате дека по вашето учество во мировните операции сте подобар војник или лидер и давате поголем придонес во Армијата на Република Македонија", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 4



Табела бр. 4

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 94 | 0 | 26 |
| | 80% | 63% | 0% | 17% |
| Подофицери | 20 | 16 | 0 | 4 |
| | 13% | 11% | 0% | 2% |
| Офицери | 10 | 7 | 0 | 3 |
| | 7% | 5% | 0% | 2% |
| Вкупно | 150 | 117 | 0 | 33 |
| | 100% | 79% | 0% | 21% |

Бројот на испитаници кои што размислуваат дека се подобри војници и лидери и ќе даваат поголем придонес во Армијата на Република Македонија по враќањето од мировните операции е 117 испитаника или 79%, додека ниеден испитаник нема негативно мислење, а останатите 33 испитаника или 21% од испитаниците мислат дека нивното подобрување како војници и лидери и придонесот во Армијата на Република Македонија ќе се почуствува само во одредени сегменти.

На прашањето бр.5 кое гласи: „Дали сметате дека со учеството на припадниците во мировни операции на Армијата на Република Македонија се зголемува нивната обученост за одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 5




Табела бр. 5

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 99 | 3 | 18 |
| | 80% | 66% | 2% | 12% |
| Подофицери | 20 | 19 | 0 | 1 |
| | 13% | 12% | 0% | 1% |
| Офицери | 10 | 7 | 0 | 3 |
| | 7% | 5% | 0% | 2% |
| Вкупно | 150 | 125 | 3 | 22 |
| | 100% | 83% | 2% | 15% |

За 125 испитаници или за 83% од испитаниците, учеството во мировните операции е значајно, бидејќи се стекнува големо искуство кое

придонесува за зголемување на нивната обученост за одбрана на сувернитетрот и територијалниот интегритет на Република Македонија. Додека за 3 испитаници или за 2% од испитаниците, учеството во мировните операции нема никакво позитивно влијание врз зголемувањето на нивната обученост, а само 22 припадници или 15% од испитаниците, мислат дека учеството во мировните операции има делумно влијание врз квалитетот на нивната обученост.

На прашањето бр.6 кое гласи: „Дали сметате дека при учеството во мировните операции, македонските војници вложуваат голем труд за успешно извршување на задачите", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 6



Табела бр. 6

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 96 | 2 | 22 |
| | 80% | 64% | 2% | 14% |
| Подофицери | 20 | 18 | 1 | 1 |
| | 13% | 12% | 1% | 0% |
| Офицери | 10 | 10 | 0 | 0 |
| | 7% | 7% | 0% | 0% |
| Вкупно | 150 | 124 | 4 | 22 |
| | 100% | 83% | 3% | 14% |

Дури 124 испитаници или 83% од испитаниците, мислат дека припадниците во мировните операции вложуваат голем труд при реализирањето на нивните секојдневни задачи бидејки од тоа зависи и животот на секој припадник, 4 испитаници или 3% од нив, мислат дека сеуште не се вложува доволно во реализирањето на задачите и треба секој припадник сериозно да се ангажира и покаже поголем труд, а 22 испитаника или 14% од нив мислат дека напорите од припадниците во реализирањето на задачите се делумни во зависност од процентот на ризиците кои се променливи. Бидејки припадниците имаат доволно познавање на разновидните задачи, никогаш нетреба да работат со променлив карактер.

На прашањето бр.7 кое гласи: „Дали сметате дека стекнатото искуство во мировните операции во иднина има позитивни влијаниа на вашето работење во Армијата на Република Македонија“, добиени се следните резултати:

Графикон бр. 7




Табела бр. 7

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 99 | 3 | 18 |
| | 80% | 66% | 2% | 12% |
| Подофицери | 20 | 19 | 0 | 1 |
| | 13% | 12% | 0% | 1% |
| Офицери | 10 | 10 | 0 | 0 |
| | 7% | 7% | 0% | 0% |
| Вкупно | 150 | 128 | 3 | 19 |
| | 100% | 85% | 2% | 13% |

Честите промени во трансформацијата на Армијата на Република Македонија, бараат и постојано пренесување на стекнатото искуство. Искуството од мировните операции влијае позитивно на подобрувањето на квалитетот на работењето во Армијата на Република Македонија мислат 128 испитаника или 85% од нив, додека 3 припадника или 2% од нив мислат дека стекнатото искуство нема никакво влијание на понатамошното нивно работење, а 19 припадника или 13% од нив мислат дека има делумно влијание.

На прашањето бр.8 кое гласи: „Дали сметате дека со учеството на припадниците на Армијата на Република Македонија во мировните операции, се смалуваат заканите врз нашата држава од други држави", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 8



Табела бр. 8

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 21 | 62 | 37 |
| | 80% | 14% | 41% | 25% |
| Подофицери | 20 | 16 | 2 | 2 |
| | 13% | 11% | 1% | 1% |
| Офицери | 10 | 7 | 1 | 2 |
| | 7% | 4% | 1%% | 2% |
| Вкупно | 150 | 44 | 64 | 42 |
| | 100% | 29% | 43% | 28% |

За 44 испитаника или за 29% од нив, учеството во мировните операции има позитивно влијание врз смалување на заканите за Република Македонија од други држави, 64 испитаници или 43% од нив мислат дека заканите и понатаму остануваат непроменети и немаат никаква поврзаност со учеството во миропвните операции, а само 42 испитаника или 28% од нив мислат дека учеството во мировните операции делумно влијае на смалувањето на заканите врз нашата држава.

На прашањето бр.9 кое гласи: „Дали сметате дека нема разлика во доделувањето на задачите во мировните операции измеѓу Армијата на Република Македонија и останатите армии од други држави", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 9




Табела бр. 9

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 30 | 51 | 39 |
| | 80% | 20% | 34% | 26% |
| Подофицери | 20 | 16 | 3 | 1 |
| | 13% | 11% | 2% | 0% |
| Офицери | 10 | 3 | 1 | 6 |
| | 7% | 2% | 1% | 4% |
| Вкупно | 150 | 49 | 55 | 46 |
| | 100% | 33% | 37% | 30% |

За 49 испитаници или за 33% од нив, задачите кои што ги реализираат припадниците на Армијата на Република Македонија се исти со задачите на припадниците на другите армии и не постои никаква поделба бидејќи сме

подеднакво обучени, за 55 испитаника или за 37% од нив се различни, додека 46 испитаника или 30% од нив не ги знаат задачите на припадниците на другите армии.

На прашањето бр.10 кое гласи: „Дали сметате дека придонесот на Армијата на Република Македонија е ист со придонесот со останатите армии", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 10



Табела бр. 10

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Е ист | Поголем придонес | Помал придонес |
| Професионални Војници | 120 | 71 | 21 | 28 |
| | 80% | 47% | 14% | 19% |
| Подофицери | 20 | 8 | 7 | 5 |
| | 13% | 5% | 5% | 3% |
| Офицери | 10 | 1 | 2 | 7 |
| | 7% | 1% | 1% | 5% |
| Вкупно | 150 | 80 | 30 | 40 |
| | 100% | 53% | 20% | 27% |

Дека придонесот на Армијата на Република Македонија е ист со придонесот на останатите армии размислуваат 80 испитаника или 53% од нив, но дека Армијата на Република Македонија дава поголем придонес мислат 30 испитаника или 20% од нив, а 40 испитаника или 27% од нив мислат дека нашата армија дава помал придонес.

На прашањето бр.11 кое гласи: „Припадниците на Армијата на Република Македонија се подеднакво изложени на ризици со останатите припадници на другите армии", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 11




Табела бр. 11

| Категорија | Број на лица | Одговор | |
|---|---|---|---|
| | % | Да | Не |
| Професионални | 120 | 98 | 22 |
| Војници | 80% | 65% | 15% |
| Подофицери | 20 | 10 | 10 |
| | 13% | 7% | 6% |
| Офицери | 10 | 3 | 7 |
| | 7% | 2% | 5% |
| Вкупно | 150 | 111 | 39 |
| | 100% | 74% | 26% |

За 111 испитаника или за 74% од нив, не постои никаква поделба за припадниците на Армијата на Република Македонија и се подеднакво изложени на ризици со останатите припадници на другите армии, а само 39 испитаника или 26% од нив мислат дека не се изложени подеднакво.

На прашањето бр.12 кое гласи: „Со учеството во мировните операции стекнуваме поголема доверба кај водечките држави на НАТО", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 12



Табела бр. 12

| Категорија | Број на лица % | Одговор Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|---|
| Професионални Војници | 120 | 86 | 0 | 34 |
| | 80% | 57% | 0% | 23% |
| Подофицери | 20 | 10 | 0 | 10 |
| | 13% | 7% | 0% | 6% |
| Офицери | 10 | 8 | 1 | 1 |
| | 7% | 5% | 1% | 1% |
| Вкупно | 150 | 104 | 1 | 45 |
| | 100% | 69% | 1% | 30% |

За 104 испитаника или за 69% од нив со учеството во мировните операции, водечките држави на НАТО стекнуваат поголема доверба во Република Македонија, за 1 испитаник или за 1% од нив, тие немаат доверба во нас, а за 45 испитаника или за 30% од нив, учеството во мировните операции придонесува за делумна доверба од водечките држави на НАТО.

На прашањето бр.13 кое гласи: „Со учеството во мировните операции Република Македонија се стекнува со поголем углед пред меѓународната јавност“, добиени се следните резултати:

Графикон бр. 13




Табела бр. 13

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 98 | 2 | 20 |
| | 80% | 66% | 1% | 13% |
| Подофицери | 20 | 17 | 1 | 2 |
| | 13% | 11% | 1% | 1% |
| Офицери | 10 | 9 | 1 | 0 |
| | 7% | 6% | 1% | 0% |
| Вкупно | 150 | 124 | 4 | 22 |
| | 100% | 83% | 3% | 14% |

Учеството во мировните операции за Република Македонија придонесува за стекнување на поголем углед пред меѓународната јавност, мислат 124 испитаника или за 83% од нив, за 4 испитаника или за 3% од нив тоа нема никакво значење за другите држави, а останатите 22 испитаника или 14% од нив, мислат дека има делумно влијание.

На прашањето бр.14 кое гласи: „Подготовките на Армијата на Република Македонија за учество во мировните операции овозможуваат непречено реализирање на задачите во мисијата", добиени се следните резултати:

Графикон 14



Табела бр. 14

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Делумно |
| Професионални Војници | 120 | 65 | 19 | 36 |
| | 80% | 43% | 13% | 24% |
| Подофицери | 20 | 10 | 1 | 9 |
| | 13% | 7% | 1% | 5% |
| Офицери | 10 | 5 | 2 | 3 |
| | 7% | 3% | 1% | 3% |
| Вкупно | 150 | 80 | 22 | 48 |
| | 100% | 53% | 15% | 32% |

За 80 испитаника или за 53% од нив, доколку секој припадник максимално се залага и покажува високи резултати за време на реализирањето на сите сложени задачи, тогаш и подготовките на нашите припадници се доволни, за 22 испитаника или за 15% од нив, се недоволни, а за останатите 48 испитаника или за 32% од нив истите се делумни.

На прашањето бр.15 кое гласи: „Сметате ли дека е потребно да се зголеми периодот наобучување на припадниците пред заминување во мировните операции, а со тоа и да има поголем успех во реализирањето на задачите во мировните операции во кои учествуваат“, добиени се следните резултати:

Графикон 15




Табела бр. 15

| Категорија | Број на лица | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | % | Да | Не | Делумно |
| Професионални | 120 | 31 | 74 | 15 |
| Војници | 80% | 21% | 49% | 10% |
| Подофицери | 20 | 5 | 6 | 9 |
| | 13% | 3% | 4% | 6% |
| Офицери | 10 | 2 | 1 | 7 |
| | 7% | 1% | 1% | 5% |
| Вкупно | 150 | 38 | 81 | 31 |
| | 100% | 25% | 54% | 21% |

За 38 испитаника или за 25% од нив, потребно е да се зголеми периодот на обучување, за 81 испитаник или за 54% од нив, мислат дека периодот на обучување е доволен, а за останатите 31 испитаник или за 21% од нив, мислат дека делумно треба да се зголеми периодот на обучување за да имаат нашите припадници поголем успех во реализирањето на поставените задачи.

На прашањето бр.16 кое гласи: „При обучувањето пред заминувањето во мировните операции, користите борбена опрема која се користи во мировните операции", добиени се следните резултати:

Графикон 16



Табела бр. 16

| Категорија | Број на лица % | Одговор | |
|---|---|---|---|
| | | Да | Не |
| Професионални Војници | 120 | 110 | 10 |
| | 80% | 73% | 7% |
| Подофицери | 20 | 16 | 4 |
| | 13% | 11% | 2% |
| Офицери | 10 | 9 | 1 |
| | 7% | 6% | 1% |
| Вкупно | 150 | 135 | 15 |
| | 100% | 90% | 10% |

Борбената опрема која се користи при обучувањето пред заминувањето во мировните операции е иста со борбената опрема во мировните операции мислат 135 испитаника или 90% од нив, додека 15 испитаника или 10% од нив мислат дека борбената опрема е различна и треба постојано да се модернизира.

На прашањето бр.17 кое гласи: „Дали при учеството во мировните операции ги применувате тактиките стекнати на обуките во Армијата на Република Македонија", добиени се следните резултати:

Графикон 17




Табела бр. 17

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Ретко | Често |
| Професионални Војници | 120 | 71 | 5 | 25 | 19 |
| | 80% | 48% | 4% | 17% | 11% |
| Подофицери | 20 | 5 | 3 | 10 | 2 |
| | 13% | 4% | 2% | 6% | 1% |
| Офицери | 10 | 3 | 2 | 3 | 2 |
| | 7% | 2% | 2% | 2% | 1% |
| Вкупно | 150 | 79 | 10 | 38 | 23 |
| | 100% | 54% | 8% | 25% | 13% |

За 79 испитаника или за 54% од нив, во мировните операции се применуваат целосно тактиките кои се стекнати за времето на обучувањето, за 10 испитаника или за 8% од нив, се различни и не се применуваат, за 38 испитаника или за 25% од нив, ретко се применуваат во зависност од самата безбедносна ситуација во самите региони, а за останатите 23 испитаника или за 13% од нив, често се применуваат истите.

На прашањето бр.18 кое гласи: „Армијата на Република Македонија учествува во најризичните делови од светот", добиени се следните резултати:

Графикон 18



Табела бр. 18

| Категорија | Број на лица % | Одговор | |
|---|---|---|---|
| | | Да | Не |
| Професионални Војници | 120 | 81 | 39 |
| | 80% | 54% | 26% |
| Подофицери | 20 | 7 | 13 |
| | 13% | 5% | 8% |
| Офицери | 10 | 3 | 7 |
| | 7% | 2% | 5% |
| Вкупно | 150 | 91 | 59 |
| | 100% | 61% | 39% |

За 91 испитаник или за 61% од нив, Армијата на Република Македонија учествува во најризичните делови од светот земаји ги во предвид бројот на загинатите лица, а за останатите 59 испитаника или за 39% од нив, подрачјата во кои што учествува нашата Армија не се најризични.

На прашањето бр.19 кое гласи: „Како се оценети припадниците на Армијата на Република Македонија од командата на „ИСАФ", добиени се следните резултати:

Графикон 19




Табела бр. 19

| Категорија | Број на лица | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
| | % | Ниски оценки | Добри оценки | Високи оценки |
| Професионални | 120 | 0 | 53 | 67 |
| Војници | 80% | 0% | 36% | 44% |
| Подофицери | 20 | 1 | 11 | 8 |
| | 13% | 1% | 7% | 5% |
| Офицери | 10 | 1 | 5 | 4 |
| | 7% | 1% | 3% | 3% |
| Вкупно | 150 | 3 | 69 | 78 |
| | 100% | 2% | 46% | 52% |

За 3 испитаника или за 2% од нив, нашите припадници добиваат ниски оценки, за 69 испитаника или за 46% од нив, тие добиваат добри оценки, а за останатите 78 испитаника или за 52% од нив, припадниците на Армијата на Република Македонија добиваат високи оценки од командата на „ИСАФ".

На прашањето бр.20 кое гласи: „Дали сметате дека учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции е оправдано од земјите од Блискиот Исток и Африка", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 20



Табела бр. 20

| Категорија | Број на лица % | Одговор Да | Не | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| Професионални Војници | 120 | 19 | 19 | 82 |
| | 80% | 13% | 12% | 55% |
| Подофицери | 20 | 3 | 6 | 11 |
| | 13% | 2% | 4% | 7% |
| Офицери | 10 | 3 | 4 | 3 |
| | 7% | 2% | 3% | 2% |
| Вкупно | 150 | 25 | 29 | 96 |
| | 100% | 17% | 19% | 64% |

За 25 испитаника или за 17% од нив, учеството на Армијата на Република Македонија во мировните операции е оправдано од земјите од Блискиот Исток и Африка, за 29 испитаника или за 19% од нив, тоа не е оправдано, а за 96 испитаника или за 64% од нив, тоа не им е познато и не знаат дали нашите припадници ке имаат целосна поддршка од населението во тие региони .

На прашањето бр.21 кое гласи: „Дали сметате дека Армијата на Република Македонија има голем придонес во мировните операции на НАТО, Европската Унија и Организацијата на Обединетите Нации", добиени се следните резултати:

Графикон бр. 21




Табела бр. 21

| Категорија | Број на лица % | Одговор | | |
|---|---|---|---|---|
